**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>02.09.2021 год.<br>БРОЈ 9 ГОДИНА 56 |
|---|---|



**С О Д Р Ж И Н А**



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | 7 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | 10 |
| 3. | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | 13 |
| 4. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2021 за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | 17 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | 28 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за работата и реализација на Програмата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2020 година за периодот од 01.04. до 30.06.2021 година. | 46 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за активностите на Општина Охрид во областа на образованието за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | 48 |
| 8. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за детска заштита 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | 65 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите од социјална заштита за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | 68 |
| 10. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и | 70 |

| | | |
|---|---|---|
| | рекреација за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година. | |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **75** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **80** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2021-2023 година за периодот од 01.04. до 30.06. 2021 година. | **90** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021година. | **102** |
| **15.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **106** |
| **16.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Развојната програма за други комунални услуги 2021-2023 за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **114** |
| **17.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **118** |
| **18.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување јавна чистота за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **123** |
| **19.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година | **128** |
| **20.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за подигање и одржување на паркови и зеленило за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **131** |
| **21.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2021 - 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **141** |
| **22.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2021 - 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **145** |
| **23.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2021 - 2023 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **149** |
| **24.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година | **155** |
| **25.** | Одлука за усвојување на извештајот за работата на ЈП „Билјанини Извори“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **166** |
| **26.** | Одлука за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **167** |
| **27.** | Одлука за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски Гробишта“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **168** |
| **28.** | Одлука за усвојување на извештајот од остварените резултати од работењето на | **169** |

| | | |
|---|---|---|
| | ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | |
| **29.** | Одлука за усвојување на извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2021 година. | **170** |
| **30.** | Одлука за усвојување на извештајот за работата и финансискиот извештај на ЈП„ВОДОВОД“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година. | **171** |
| **31.** | Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во основните училишта во Општина Охрид. | **172** |
| **32.** | Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ – Охрид. | **175** |
| **33.** | Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ„Св.Климент Охридски“ – Охрид. | **176** |
| **34.** | Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ – Охрид. | **177** |
| **35.** | одлука за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Св.Наум Охридски“с.Пештани – Охрид. | **178** |
| **36.** | одлука за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Братство- единство“ - Охрид. | **179** |
| **37.** | одлука за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Ванчо Николески“ с. Лескоец. | **180** |
| **38.** | Одлука за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Григор Прличев“ - Охрид. | **181** |
| **39.** | одлука за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Живко Чинго“ с.Велгошти. | **182** |
| **40.** | одлука за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Кочо Рацин“ - Охрид. | **183** |
| **41.** | Одлука за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид. | **184** |
| **42.** | Одлука за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Христо Узунов“ - Охрид. | **185** |
| **43.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата и материјално–финансиското работење на ООМУ„Методи Патче“-Охрид за учебната 2020/2021 година. | **186** |
| **44.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата и материјално – финансиското работење на ООУ„Братство - Единство“ - Охрид за учебната 2020/2021 година. | **187** |

| | | |
|---|---|---|
| **45.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата и материјално – финансиското работење на ООУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец за учебната 2020/2021 година. | **188** |
| **46.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата и материјално– финансиското работење на ООУ„Григор Прличев“ - Охрид за учебната 2020/2021 година. | **189** |
| **47.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата и материјално– финансиското работење на ООУ„ЖивкоЧинго“ с. Велгошти за учебната 2020/2021 година. | **190** |
| **48.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата иматеријално – финансиското работење на ООУ„Кочо Рацин“ - Охрид за учебната 2020/2021година. | **191** |
| **49.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата и материјално– финансиското работење на ООУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид за учебната 2020/2021 година. | **192** |
| **50.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата и материјално – финансиското работење на ООУ „Св. Наум Охридски“ с. Пештани за учебната 2020/2021 година. | **193** |
| **51.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата и материјално– финансиското работење на ООУ„Христо Узунов“- Охрид за учебната 2020/2021 година. | **194** |
| **52.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООМУ„Методи Патче“ - Охрид за учебната 2021/2022 година. | **195** |
| **53.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООУ„Братство - Единство“ – Охрид за учебната 2021/2022 година. | **196** |
| **54.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец за учебната 2021/2022 година | **196** |
| **55.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООУ„Григор Прличев“ – Охрид за учебната 2021/2022 година. | **197** |
| **56.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООУ„Живко Чинго“ Велгошти за учебната 2021/2022 година | **198** |
| **57.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООУ „КочоРацин“ – Охрид за учебната 2021/2022 година. | **199** |
| **58.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид за учебната 2021/2022 година. | **200** |
| **59.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани за учебната 2021/2022 година. | **201** |
| **60.** | Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ООУ„Христо Узунов“ – Охрид за учебната 2021/2022 година. | **202** |
| **61.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ООМУ„Методи Патче“- Охрид за 2022 година. | **203** |
| **62.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ООУ „Братство единство“- Охрид за 2022година. | **204** |

| | | |
|---|---|---|
| **63.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ООУ „Ванчо Николески“ с. Лескоец за 2022 година. | **205** |
| **64.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ООУ „Живко Чинго“ с. Велгошти за 2022 година. | **206** |
| **65.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ООУ „Кочо Рацин“- Охрид за 2022 година. | **207** |
| **66.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ООУ „Св. Климент Охридски“- Охрид за 2022 година. | **208** |
| **67.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ООУ „Св. Наум Охридски“ с. Пештани - Охрид за 2022 година. | **209** |
| **68.** | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување во ООУ „Христо Узунов“- Охрид за 2022 година. | **209** |
| **69.** | Одлука за учество во имплементација на проектот RELOAD 2, во рамките на „Регионалната програма за локална демократија во западен балкан RELOAD 2“, финансиран од Европската унија, од инструментот за претпристапна помош (ИПА) и спроведуван од програмата за развој на Обединетите нации – УНДП. | **210** |
| **70.** | Одлука за пренесување на правото за објавување на јавен оглас за давање на простор за поставување Урбана опрема. | **211** |
| **71.** | Одлука за усвојување на техничка исправка за ГП 2.18 за дел од УЗ 1 дел од УБ 1.3 опфат 1- Охрид, општина Охрид, донесен со Одлука на Совет на општина Охрид бр. 07-1639/25 од 26.06.2009 година. | **212** |
| **72.** | Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште на Кп.бр. 5563/2, 5593/2, 5593/6, 6470/2, 5583/9, 5583/10, 6470/2 сите во КО Охрид 4. | **213** |
| **73.** | Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште на дел од Кп.бр. 13086/2, Кп.бр. 13106/3, Кп.бр. 13097/3, Кп.бр. 13107, Кп.бр. 13116, Кп.бр. 13087, Кп.бр. 13073/1 сите во КО Охрид 3 | **215** |
| **74.** | Одлука за одредување на под –проектот „Реконструкција на ул.Македонски Просветители“ како приоритетна инвестиција | **217** |
| **75.** | Одлука за пренесување на правото на користење на компјутерска опрема (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ “Братство Единство“ – Охрид | **218** |
| **76.** | Одлука за пренесување на правото на користење на компјутерска опрема (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ “Ванчо Николески“ – Охрид | **219** |
| **77.** | Одлука за пренесување на правото на користење на компјутерска опрема (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ “Григор Прличев“ – Охрид | **220** |
| **78.** | Одлука за пренесување на правото на користење на компјутерска опрема (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ “Живко Чинго“ – Охрид | **221** |
| **79.** | Одлука за пренесување на правото на користење на компјутерска опрема (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ “Св. Климент Охридски“ – Охрид | **222** |
| **80.** | Одлука за пренесување на правото на користење на компјутерска опрема (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ “Кочо Рацин“ – Охрид | **223** |
| **81.** | Одлука за пренесување на правото на користење на компјутерска опрема | **224** |

| | | |
|---|---|---|
| | (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ “Св. Наум Охридски“ – Охрид | |
| **82.** | Јавна објава | **225** |
| **83.** | Јавна објава | **225** |
| **84.** | Јавна објава | **226** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/108** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2021 ГОДИНА ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

Одделението за даноци во рамки на надлежностите на локалната самоуправа ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија, ја следи наплатата на даноците и врши постапка на присилна наплата на даночниот долг.

**ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година во работа се **709** предмети од **данок на наследство и подарок** од кои:

- 704 предмети се по даночни пријави од 2021 година.
- 5 предмети се по даночни пријави од минати години.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2021 година - 704:

- 8 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 12 предмети се повлечени.
- 9 предмети се некомплетни.
- За 675 изготвени се решенија од кои:
- 555 решенија се со даночно ослободување.
- 120 решенија се со даночно задолжување.

Даночното задолжување по основа на решенија за данок на наследство и подарок по предмети поднесени во 2021 година изнесува 5**.056.241,00** денари од кои заклучно со 30.06.2021 година:

- наплатени се 4.027.697,00 денари.
- ненаплатени се 1.028.544,00 денари.

Во периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година по основа на данок на наследство и подарок остварени се приходи во износ од **4.950.772,00** денари од кои:

- 4.027.697,00 денари се по задолжување од предмети од 2021 година.
- 923.075,00 денари се по задолжување од предмети од минати години.

Од страна на даночните обврзници поведен е 1 управен спор на решение, кој е во постапка пред Управниот суд.

**ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

За периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година во работа се 624 предмети од **данок на промет на недвижности** од кои:

- 620 предмети се по даночни пријави од 2021 година.
- 4 предмети се по даночни пријави од минати години.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2021 година - 620**:**

- 17 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 13 предмети се повлечени.
- 3 предмети се некомплетни.
- 2 предмети се отфрлени.
- 1 предмет е пренасочен за данок на нследство и подарок.
- За 584 изготвени се решенија од кои:
- 563 решенија се со даночно задолжување.
- 21 решение е со даночно ослободување.

Вкупното даночно задолжување по основа на решенија за данок на промет на недвижности по предмети поднесени во 2021 година изнесува 49.318.625,00 денари од кои заклучно со 30.06.2021 година :

- наплатени се 45.541.952,00 денари
- ненаплатени се 3.776.673,00 денари.

Во периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година по основа на данок на промет на недвижности остварени се приходи во износ од **48.731.671,00** денари од кои:

- 45.541.952,00 денари се по задолжувања од предмети од 2021 година.
- 3.189.719,00 денари се по задолжувања од предмети од минати години.

Од страна на даночните обврзници поведен е 1 управен спор на решение, кој е во постапка пред Управниот суд.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година обработени се **1.782** даночни пријави, **1.071** даночна одјава и **371** пријава за промени на данок на имот. Од нив 50 даночни пријави се поднесени од самите даночни обврзници, а 1.732 се по службена должност.

За 2021 година изготвени се **31.811** решенија за данок на имот од редовен облог и тоа: 31.167 решенија од данок на имот на физички лица и 644 решенија од данок на имот на правни лица.

Вкупното задолжување по основа на донесени решенија за 2021 година изнесува **95.004.359,00** денари од кои 71.528.048,00 денари изнесува облогот за физичките лица и 23.476.311,00 денари изнесува облогот за правните лица.

Доставата на решенијата за данок на имот за 2021 година е во тек.

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година остварени се приходи по основа на данок на имот во износ од **45.377.997,00** денари од кои 29.825.667,00 денари данок на имот од физички лица и 15.552.330,00 денари данок на имот од правни лица.

Во периодот 01.01.2021 до 30.06.2021 година изготвено е 131 решение за данок на имот по припис за период 2017-2021 година, по службена должност, со задолжување во износ од 1.518.929,00 денари.

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година извршено е вреднување и ревреднување на 477 индивидуални станбени згради (куќи), 405 станови, 155 гаражи, 52 деловни простори, 148 помошни објекти, 1 хотел, 11 деловни згради, 8 административни згради и простори, 26 апартмани и 3 ресторани. За потребите од вреднувањето и ревреднувањето изготвени се 1132 извештаи за проценка на недвижен имот на територијата на општина Охрид од кои 193 извештаи се однесуваат исклучително на земјиште (дворно место, градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште).

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година изготвени се 1928 опомени за неплатен долг по основа на данок на имот во постапка на присилна наплата , 15 опомени за неплатен долг по основа на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок и 1153 решенија за присилна наплата.

Во истиот период изготвени се и 4 решенија за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата, 60 решенија за пренасочување на погрешно уплатени средства, 6 решенија за поврат на паричен износ и 5 решенија за ништовност.

**ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО**

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 книжени се 120 изводи со 12816 ставки, 132 задолжувања по решенија за данок на промет на недвижности изготвени во *word*, 325

приписи за данок на имот и 60 книговодствени спроведувања на решенија за пренасочување на парични средства.

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година за потребите на даночното книговодство и присилната наплата извршено е книговодствено затворање на 24.647 ставки.

**ПОДНЕСОЦИ**

За периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година поднесени се вкупно **107** барања од кои: 6 барања од министерства, институции и органи за утврдување на пазарна вредност на недвижноста, 3 барања за доставување податоци за даночни обврзници и прегледи на имот, 3 барања за одлуки на совет за определување зони за утврдување пазарна вредност на недвижен имот, 5 барања од страна на извршителите за пријавување на побарување по основа на даноците на имот , 6 барања од Управен и Виш суд за доставување списи, 5 барања за изготвување потврди по разни основи, 3 барања од други сектори и одделенија, 65 барања врз основа на данокот на имот (преиспитување на даночна основица), 8 барања за пренасочување и 3 барања за поврат на парични сретства. Сите тие се обработени и на истите е одговорено.

**Број 08-8751/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/109** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма (назив), изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма (назив), како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема и врши наплата на истите, изготвување на задолженија за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со закон.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма (назив)**

За 2021 година изготвени се **3539** решенија за комунална такса за фирма (комунална такса за фирма – назив 3.242 решенија и комунална такса за фирма на вршители на дејност – 297 решенија). Доставата на решенијата се изврши преку пошта.

Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми на терен во врска со доставата,поради големиот број регистрирани фирми кои не работат (повеќе од 5-6 години и подолго) а не отпочнале постапка за нивно бришење од регистарот на фирми, односно поради големите трошоци за ликвидација (стечај) на фирмите, сопствениците не се решаваат да ги отпочнат гореспоменатите постапки, односно ги оставаат фирмите во состојба на т.н.наречено мирување, промени на адреси на правните субјекти, промени и гасење на сметки во банки и сл.

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **5.890.500,00** денари.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2021 год до 30.06.2021 година по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам, издадени се **41** задолженија и остварен е приход во вкупен износ од **740.622,00** денари. По склучувањето на договорите за закуп во Секторот за урбанизам и нивното проследување до Одделението за комунални

такси, обврзниците се задолжуваат за уплата на комуналната такса, која е еден од условите за добивање на одобрение за поставување урбана опрема.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштади и друг простор во градот (ТЕНДЕРИ)**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп, во времетраење од 90 дена, за доделените локации во Секторот за урбанизам, по нивното доставување во одделението за комунални такси издадени се **48** задолженија и остварен е приход во износ од **106.344,00 ден.**

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места.**

Во периодот од 01.01.2021 до 3.06.2021 год, по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места остварени е вкупен приход во износ од, **14.000,оо ден.**

**5. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година, остварени се приходи во износ од **2.692.838,00 денари.**

**6.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година изготвени се 90 решенија. Остварен е приход од **23.100,00** ден.

**7. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година, остварени се приходи во износ од **35.144.519.00 ден.**

**Број 08-8751/6**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/110**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/7**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 29.12.2020 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2021 година. Во Програмата за работа, активностите на Советот на општина Охрид за 2021 година се планирани во четири тримесечија и тоа:

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јануари, февруари и март);
**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (април, мај и јуни);
**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јули, август и септември) и
**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (октомври, ноември и декември).

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ (јануари – март)**

**Педесет и четвртата седница се одржа на ден 29.01.2021 година. За работа на оваа седница беа предложени 6 точки на дневен ред. Советот усвои 5 Одлуки и 1 Програма.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 2 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 5 точки на дневен ред.. Членовите на Комисијата усвоија 4 Предлог Одлуки, а 1 не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

**Комисија за општествени дејности** - Беа предложени 3 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Педесет и петтата седница се одржа на ден 10.02.2021 година. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка на дневен ред – СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА.**

**Педесет и шестата седница се одржа на ден 10.02.2021 година. За работата на оваа седница беше предложена 1 точка на дневен ред.**

**Советот усвои 1 Одлука.**

**Педесет и седмата седница се одржа на ден 15.03.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 51 точки на дневен ред. Советот усвои 51 Одлука.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 19 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 4 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 47 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности** - Беа предложени 22 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите** – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Членовите на Комисијатаб усвоија 2 Одлуки.

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 7 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за Туризам и локален економски развој** – Беа предложени 3 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 3 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2021 година одржа 4 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 59 точки. Советот во овој период усвои вкупно 57 Одлуки, 1 Програма**

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Педесет и осмата седница се одржа на ден 28.04.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 73 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 2 Предлог Одлуки. Од дневниот ред беа повлечени 7 Предлог Одлуки. Советот усвои 61 Одлука.**

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 13 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет – 49**

**Комисија за верификација, избори и именување – Беа предложени 12 точки на дневниот ред, а не беше усвоена ниту една точка.**

**Комисија за заштита на животната средина 4**

**Комисија за јавни и комунални дејности 33**

**Комисија за општествени дејности - Беа предложени 6 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 1 точка од дневниот ред. Две точки не беа усвоени, а 3 точки не се разгледуваа бидејќи немаше претставници.**

**Педесет и деветтата седница се одржа на ден 31.05.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 37 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 3 Предлог Одлуки. Советот усвои 38 Одлуки. Две Предлог одлуки не беа усвоени.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 20 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 3 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 47 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности** - Беа предложени 7 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 5 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за Туризам и локален економски развој** – Беа предложени 2 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Шеесеттата седница се одржа на ден 30.06.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 5 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 Предлог Одлуки. Советот усвои 6 Одлуки.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 2 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше претставници, членовите на Комисијата за јавни и комунални дејности не ги разгледуваа точките од дневниот ред.

**Комисија за општествени дејности** - Бидејќи немаше кворум, седницата на Комисијата не се одржа.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - Бидејќи немаше кворум, седницата на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет -** Беа предложени 4 точки на дневниот ред и сите беа усвоени од членовите на Комисијата .

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година одржа 7 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 174 точки. Од дневниот ред беа повлечени 7 точки на две седница. Дополнување на дневниот ред е извршено со 6 точки на 3 седници. Советниците разгледаа вкупно 173 точки.**

**Советот во овој период усвои вкупно 162 Одлуки 4 Програми, 3 Заклучоци и 1 План.**

**Советот не усвои 2 Предлог Одлуки.**

## И З В Е Ш Т А Ј
## За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид, програма А0-Совет на Општина Охрид за период 01.01-30.06.2021 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за

програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2021 година за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 26.350.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 9.206.443,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи, со вториот квартал од 2021 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 2.878.737,оо денари. Во делот на членарините исплатени се 48.828,оо денари кон Организација за светско културно наследство членарина за 2021 година. Општина Охрид преку Советот како нејзин орган на жителите со загрозена социјална и финансиска состојба им пружа финансиска помош преку субвенционирање на дел од нивните комунални трошоци и по истиот основ во опфатениот период исплатени се 756.653,оо денари кон јавните претпријатија.

Постапувајќи во насока на поддржување и помагање на граѓаните и здруженија на локално ниво, од програмата на Советот на Општина Охрид, трансферирани се средства до здруженија на граѓани, фондации и хуманитарни организации во висина од 281.000,оо денари заклучно со овој квартал.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси а опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2020-2021 година од одобрените средства со Буџетот за 2021 за стипендии исплатени се вкупно 3.981.000,оо денари.

Во анализираниот период од контото други трансфери исплатени се 1.260.225,оо денари од кои позначајните исплати дадени се подолу во текстот и се однесуваат: износ 665.000,оо денари исплатени согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за помош за прво и второ родено дете, износ од 380.225,оо денари исплатени за реализација на проекти согласно јавниот повик за поддршка на проекти од јавен инетерес за граѓаните на општина Охрид, 200.000,оо денари исплатено по решение на комисијата за донесување на урбанистички планови.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година има извршено 34,94 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2021 година.

**Број 08-8751/8**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2021 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2021 за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/111**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програматта за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/9**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**Полугодишен извештај за реализација на**

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2021 – 30.06.2021 ГОДИНА**

Извештајот е изработен за период од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 год. за реализација на:

- Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2021 – 30.06. 2021 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2021 – 30.06.2021 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности**
2. **Промоција на Охрид како туристичка дестинација**
3. **Развој на туристичка инфраструктура**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2860 станоиздавачи),
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Поставување на ХотСпот интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид за туристи,
- Субвенционирање на туристички дејности како даватели на услуги во сместувачки капацитети од мал обем, воден превоз, туристички водичи, даватели на услуги во селски туризам
- Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020.

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2021 година.

1. Управување со туристички дејности
2. Промоција на Охрид како туристичка дестинација
3. Развој на туристичка инфраструктура
4. Подготовка на проекти и проектно управување

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2021 год. во однос на 2020 год.), според записници од општински инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2021 – 30.06.2021 год.**

## 1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Јуни 2021 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2914 станоиздавачи од кои во 2021 за овој период се регистрирани 46 нови станоиздавачи | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.** | Јануари-Јуни 2021 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во периодот од јануари до јуни продолжени се 79 решенија за категоризација | Не се потрошени финансиски средства |
| **3.** | Јануари-Јуни 2021 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за периодот јануари – јуни 2021 согласно надлежноста заверени се 41 нормативи за храна и пијалоци | Не се потрошени финансиски средства |
| **4.** | Јануари-Јуни 2021 | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го пријават своето работно време | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за периодот јануари – јуни 2021 согласно надлежноста пријава поднеле вкупно 19 угостителските објекти | Не се потрошени финансиски средства |
| **5.** | Јануари-Јуни 2021 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи | Не се потрошени финансиски средства |
| **6.** | Јануари-Јуни 2021 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички | Не се потрошени финансиски |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | (туристички водичи, туристички агенции) | агенции) | водичи и туристички агенции | средства |

## 2. АКТИВНИ МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД 19 ВО ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Субвенционирање на различни туристички дејности со цел ублажување на последиците од Пандемијата со Ковид 19 врз туристичкиот сектор** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2021 | Субвенционирање на даватели на услуги во сместувачки капацитети од мал обем | Со оглед на актуелната состојба со Пандемијата со Ковид 19, и последиците кои ги направи врз туристичкиот сектор, неопходно е покрај активните мерки на локално и национално ниво, да се интервенира во туристичкиот сектор и преку обезбедување на разни субвенции на најпогодените туристички гранки и даватели на услуги. | Изготвен е правилник за субвенционирање. Објавен е повик за субвенционирање. Комисјата постапи по пристигнатите барање, извршена е евалуацијаи изготвен е извештај. Аплицирано имаа 14 лица, евалуацијата и исплатата се во наредниот квартал. | Не се потрошени финансиски средства. |
| **2.** | Јануари – Јуни 2021 | Субвенционирање на даватели на услуги во селски туризам | Со оглед на актуелната состојба со Пандемијата со Ковид 19, и последиците кои ги направи врз туристичкиот сектор, неопходно е покрај активните мерки на локално и национално ниво, да се интервенира во туристичкиот сектор и преку обезбедување на разни субвенции на најпогодените туристички гранки и | Изготвен е правилник за субвенционирање. Објавен е повик за субвенционирање. Комисјата постапи по пристигнатите барање, извршена е евалуацијаи изготвен е извештај. Аплицирано имаше 1 лице, евалуацијата и исплатата се во наредниот квартал. | Не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | даватели на услуги. | | |
| **3.** | Јануари – Јуни 2021 | Субвенционирање на даватели на услуги поврзани со водениот превоз и други рекреативни активности на вода и плажа, | Со оглед на актуелната состојба со Пандемијата со Ковид 19, и последиците кои ги направи врз туристичкиот сектор, неопходно е покрај активните мерки на локално и национално ниво, да се интервенира во туристичкиот сектор и преку обезбедување на разни субвенции на најпогодените туристички гранки и даватели на услуги. | Изготвен е правилник за субвенционирање. Објавен е повик за субвенционирање. Комисисјата постапи по пристигнатите барање, извршена е евалуацијаи изготвен е извештај. Аплицирано имаа 8 лица, евалуацијата и исплатата се во наредниот квартал. | Не се потрошени финансиски средства. |
| **4.** | Јануари – Јуни 2021 | Субвенциомирање на туристички водичи. | Со оглед на актуелната состојба со Пандемијата со Ковид 19, и последиците кои ги направи врз туристичкиот сектор, неопходно е покрај активните мерки на локално и национално ниво, да се интервенира во туристичкиот сектор и преку обезбедување на разни субвенции на најпогодените туристички гранки и даватели на услуги. | Изготвен е правилник за субвенционирање. Објавен е повик за субвенционирање. Комисисјата постапи по пристигнатите барање, извршена е евалуацијаи изготвен е извештај. Аплицирано имаа 32 лица, евалуацијата и исплатата се во наредниот квартал. | Не се потрошени финансиски средства. |

## 3. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА (ВО УСЛОВИ НА СВЕТСКА ПАНДЕМИЈА И ПО НЕА)

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Реализирани финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.** | **Промоција на Охрид преку електронски и дигитални медиуми во услови на Пандемија со Ковид 19** | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2021 | Промоција на Охрид преку електронски и дигитални медиуми | Позиционирање на Охрид на светската туристичка мапа, во периодот што претстои потребни се големи напори за враќање на имицот на Охрид како сигурна дестинација за | Индивидуално претставување на туристичките агенции и сместувачки капацитети во виртуелно одржаните саеми. Представувањето се одвивање во соработка со Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во РСМ. | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | туризам. Со оглед на тоа дека големите настани и саеми во овој период се замрени На овој начин,со активна промоција на туристичките услуги и производи на Охрид на иновативен и трендовски начин. | | |

**4. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Реализирани финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1. Бесплатен hot spot интернет** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2020 | Бесплатен hot spot интернет | Оваа активност предвидува поставување на бесплатен hot spot интернет на 5 најпосетувани локации во Охрид, и тоа во непосредна близина на:<br>- Плоштад Св. Климент Охридски<br>- Плоштад Крушевска Република – Чинар<br>- Св. Климент – Плаошник<br>- Кеј Македонија<br>- Црква Св. Софија. | За реализација на оваа активност општина Охрид во првата половина од 2020 година објави оглас за јавна набавка бр.08417/2020 од 18.06.2020 година за поставување на hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид. Во истиот период, во законски предвидена постапка беше донесена одлука за избор на најповолен понудувач со бр.09-5445/1 од 25.06.2020 година. За најповолен понудувач беше избран економскиот оператор – Неотел Скопје. Во периодот од првиот квартал активностите се одвиваа согласно овој склучен договор. | Вкупно во 2021 се реализирани 94.496,00 денари. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.2. Поставување на нови излози во старата охридска чаршија** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2021 | Замена на автентични излози на 7 дуќани во старата охридска чаршија | По добиениот проект од страна на Министерството за економија за ревитализација на старите градски чаршии, одобрени се средства во износ од 700.000,00 денари за замена на автентични излози на 7 дуќани во старата охридска чаршија. Изборот на дуќаните беше направен врз основа на претходно објавен повик од страна на Министерството за економија. Од страна на општина Охрид во 2021 година од буџет дополнително се одвоени 300.000,00 денари | Изготвена е целосна документација и поднесено е барање за објава на јавна набавка. Првата јавна набавка не беше успешна, а на втората објава беше избран оператор. Склучувањето на договорот и имплементацијата на активностите се предвидени за наредниот квартал. | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.3. Поставување на информативен видео дисплеј** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2021 | Информативни видео дисплеи | Предвидено да се постави информативен видео дисплеј една или повеќе локации на градскиот плоштад, на кој ќе бидат поставувани корисни туристички информации за туристите, посетителите и локалните жители. Преку него, ќе се врши информирање за возни редови на пловните објекти (кајчиња, катамарани, бродови), тековни занимливости и новости, информации за настани и сл. | Изготвена е целосна документација и објавен е тендер за избор на најповолен понудувач. По извршената јавна набавка е избран оператор и во тек е склучување на договор. Активностите ќе бидат имплементирани во наредниот квартал.. | Не се реализирани финансиски средства |

# 5.ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2021 | Имплементација на Проектот „Интеррегионално управување со | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во | Проектот е во фаза на имплементација, во овој квартал се реализирани следните активности : | Реализирани се средства во износ од 700.000,00 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020 | партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Извршена е исплата на финалната фаза од Системот за дигитализација на културно наследство. Извршена е процедура за набавка на промотивен материјал за проектот и истата е успешно завршена и имплементирана. Финализацирана е процедурата за изработка на табли со QR код кои се поставени на градбите кои спаѓаат во групата на објекти со културно наследство, по добивање на комплетна документација од надлежните институции. Извршена е процедура за набавка на економски оператор за спроведување на евалуација на работен пакет 3 и развивање на заеднички стратегии и истиот е избран, додека активноста е имплементирана. Испратено беше барање за продолжување на проектот до Јули 2021. Изработен е третиот извештај за верификација на трошоци во МИС системот додека претходните два се одобрени | |
| **5.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2021 | Имплементација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за | Проектот е во фаза на имплементација, во овој квартал се реализирани следните активности : | Реализирани се средства во износ од 670.700,00 мкд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020 | технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Извршена е исплата на финалната фаза од Системот за Дигитализација на културно наследство. .<br>Извршена е процедура за набавка на промотивен материјал за проектот и истата е успешно завршена и имплементирана.<br>Финализацирана е процедурата за изработка на табли со QR код кои се поставени на градбите кои спаѓаат во групата на објекти со културно наследство, по добивање на комплетна документација од надлежните институции.<br>Извршена е процедура за набавка на економски оператор за спроведување на евалуација на работен пакет 3 и развивање на заеднички стратегии и истиот е избран, додека активноста е имплементирана.<br><br>Испратено беше барање за продолжување на проектот до Јули 2021.<br>Изработен е третиот извештај за верификација на трошоци во МИС системот додека претходните два се одобрени | |

## II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2021 до 30.06.2021** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец јуни)**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 144.472 | 55.264 | 199.736 |
| **2** | **Февруари** | 67.752 | 27.552 | 95.304 |
| **3** | **Март** | 69.536 | 10.528 | 80.064 |
| **4** | **Април** | 113.920 | 6.784 | 120.704 |
| **5** | **Мај** | 219.680 | 15.536 | 235.216 |
| **6** | **Јуни** | 394.304 | 27.376 | 421.680 |
| **7** | **Јули** | | | 0 |
| **8** | **Август** | | | 0 |
| **9** | **Септември** | | | 0 |
| **10** | **Октомври** | | | 0 |
| **11** | **Ноември** | | | 0 |
| **12** | **Декември** | | | 0 |
| | **ВКУПНО** | 1.009.664 | 143.040 | 1.152.704 |

**Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 1.152.704,00 денари.**

**Споредба Јануари - Јуни**

**За споредба, во 2020 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 1.644.016,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2021 година е намалена за 30 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот периот во 2020 година.**

## III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2021 год. во однос на 2020 год.)

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б | Месец | Дом. Ноќевања | | Однос % | Стр. Ноќевања | | Однос% | Вкупно Ноќевања | | Однос % |
| | | 2020 | 2021 | 2021/20 | 2020 | 2021 | 2021/20 | 2020 | 2021 | 2021/20 |
| 1 | јануари | 6971 | 6351 | 91.1 | 6132 | 1842 | 30.0 | 13103 | 8193 | 62.5 |
| 2 | февруари | 4561 | 5020 | 110.1 | 5927 | 2830 | 47.7 | 10488 | 7850 | 74.8 |
| 3 | март | 3915 | 4358 | 111.3 | 2314 | 2525 | 109.1 | 6229 | 6883 | 110.5 |
| 4 | април | 1572 | 4347 | 276.5 | 4 | 2221 | 55525.0 | 1576 | 6568 | 416.8 |
| 5 | мај | 766 | 11190 | 1460.8 | 31 | 6307 | 2март 45.2 | 797 | 17497 | 2195.4 |
| 6 | јуни | | | | | | | | | |
| 7 | јули | | | | | | | | | |
| 8 | август | | | | | | | | | |
| 9 | септември | | | | | | | | | |
| 10 | октомври | | | | | | | | | |
| 11 | ноември | | | | | | | | | |
| 12 | декември | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | 17.785 | 31.266 | 175.8 | 14.408 | 15.725 | 109.1 | 32.193 | 46.991 | 146.0 |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика, бројот на ноќевањата од основни објекти за период од 01.01.2021 – 30.06.2021 година, во однос на 01.01.2020 – 30.06.2020 година, е зголемен за 46.0% и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 75.8%, а кај странските има зголемување за 9.1%.**

**Број 08-8751/10**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/112**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/11**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**

**ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА**

**ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2021 ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2021 до 30.06.2021 година.**

Во текот на овој период одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид.
Општина Охрид оваа програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој. Оваа година скоро сите мерки во програмата опфаќаат социјална инклузија на сите граѓани, се водеше сметка за социјалната димензија да биде инкорпорирана во повеќето мерки.

Активностите за реализација на годишната програма за 2021 се реализираат во следните области на делување:

1.Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата и зголемување на конкурентноста на претпријатијата;
2.Зајакнување на локалниот економски развој преку подобрување на услугите на локалната самоуправа;
3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси.;
4. Подготовка на проекти и проектно управување;

**Посебен акцент во програмските активности за текот на 2021 година во овие 6 месеци од работењето на одделението за локален економски развој се даде на следните активности:**

- Субвенционирање на стопански гранки кои беа значајно погодени од пандемијата со Ковид 19 вирусот:
  - Субвенции за занаетчиски гранки кои директно се поврзани со турзимот и посетата на туристи во Охрид;
  - Субвенции за поттикнување на граѓаните за користење на општински линиски превоз на подрачјето на општина Охрид.
- Субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓаните на општина Охрид.
- Проект: "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за старилица и деца и нивна рана превенција, акроним„крос4ол“,од првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020.
- Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд.

<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.01.2021 – 30.06.2021 год.**

**1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

1.1. Финализирање на Стратегијата за рурален развој 2021-2025

1.2. Мерка за подобрување на компјутерската писменост - бесплатна едукација (обука) за компјутерска дактилографија

**2. Зајакнување на локалниот економски развој преку подобрување на услугите на локалната самоуправа**

2.1. Учество во проект за Дигитализација на општините
2.2. Воведување на Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE)
2.3. Овозможување онлајн пристап до информации за сите стопански субјекти на територија на општина Охрид
2.4. Субвенционирање на општински линиски превоз

**3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси**

3.1. Субвенционирање на набавка на велосипед
3.2. Субвенционирање на занаетчии
3.3. Тековни активности на мобилната канцеларија за поддршка на земјоделството во рамките на локалната самоуправа

**4.Подготовка на проекти и проектно управување**

4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти
4.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти

**5. Други оперативни расходи и договорни услуги.**

5.1. Договорни обврски
5.2. Други оперативни расходи

1. **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Финализирање на Стратегијата за рурален развој 2021-2025** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Јуни 2021 | Подготовка на Стратегија за рурален туризам | Стратегијата за рурален развој се изработи врз основа на одржани состаноци со сите релевантни чинители, невладини организации, преставници од месни заедници и државни институции. Предлозите, забелешките и потребите на сите засегнати страни се вметнати во стратегијата. За финализирање на истата неопходно е да се направи стратегиска оценка за влијанието врз животната средина. | Последната верзија од Стратегијата за рурален развој е доставена до одделението за животна средина со барање за изработка на стратегиска оценка за влијанието врз животната средина. Согласно постојната законска регулатива, финализирањето на овој стратешки документ е невозможно без изготвување на извештај за стратегиска на оценка за влијанието врз животната средина. | Не се потрошени средства од буџетот на општина Охрид за реализација на оваа активност |
| **1.2. Мерка за подобрување на компјутерската писменост - бесплатна едукација (обука) за компјутерска дактилографија** | | | | | |
| **2.** | Јануари - Јуни 2021 | Општина Охрид има за цел генерално да ја подобри компјутерската писменост кај граѓаните почнувајќи со бесплатни онлајн курсеви за компјутерска дактилографија - десетпрсно пишување на компјутер, без гледање, со македонска подршка, преку набавка / земање лиценца / на адекватен софтвер. | Во време на глобална дигитализација, компјутерската писменост се смета за задолжителна во сите области на животот. Ковид-19 пандемијата дополнително придонесе се повеќе услуги и активности да се вршат дигитално. Компјутерската дактилографија, која претставува почетна фаза во комјутерската едукација, може повеќекратно да | Направено е истражување на пазарот за можни софтверски решенија, во кнсултација со одделението за информатичко – комуникациска технологија прибрани се податоци за подготовка на техничка спецификација за набавка на софтверот. | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Софтверот ќе биде достапен за сите граѓани преку официјалната веб страна на општина Охрид. | ја зголеми ефикасноста во образованието, секое канцелариско работење, работењето од дома и слично, што значи побрзо одвивање на сите деловни процеси. | | |

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Учество во проект за Дигитализација на општините** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари - Јуни 2021 | Фондот за иновации и технолошки развој и УНДП реализираа јавен повик за дигитализација на општините – пилот проект, чија цел е полесен пристап и поквалитетни услуги на локално ниво преку развој на дигитални алатки и решенија. | Е-платформата се планира да ги опфати алатки за воспоставување на електронски систем за наплата на давачките кон општината; воспоставување на систем за електронско плаќање на сметки кон јавните претпријатија; електронски систем на волонтери и онлајн платформа за општински форум. Платформата ќе биде изработена со јасни и разбирливи инструкции за користење, со цел да биде искористено од страна на различни категории на граѓани од различни возрасни структури.<br>Дополнително, платформата ќе биде креирана, така што нејзината инфраструктура ќе биде столб на идната потполна дигитализација на општинските услуги преку нејзино лесно и економично збогатување со нови сервиси за граѓаните и правни лица, униформност и стандардизација на работењето на општинските службеници, рационализација на трошоците и други предности. | Општина Охрид планира да се вклучи во овој проект на ФИТР за дигитализација на општините се со цел да го олесни пристапот на граѓаните кон услугите и да го подбри квалитетот на услугите. Платформата е изработена и во моментов се спроведуваат обуки за 6 пилот општини во Македонија.<br><br>Општина Охрид го достави своето барање да биде вклучена но прво треба да заврши тест периодот во пилот општините па подоцна ќе имаат можност да се вклучат и други општини. | Не се потрошени средства од буџетот на општина Охрид за реализација на оваа активност |
| **2.2. Воведување на Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари - Јуни 2021 | Целта на оваа активност е имплементација на Стандард за систем за управување со квалитет согласно меѓународните барања, а која ќе воведе нови стандарди во начинот на работа и во пристапот кон граѓаните и бизнис заедницата | BFC SEE е најупотребуваниот стандард за менаџирање на квалитетот и е создаден околу неколку принципи на менаџирање на квалитетот, и тоа:<br>- Фокус кон корисниците<br>- Лидерство<br>- Вклученост на луѓето<br>- Подобрување<br>- Приод кон процеси<br>- Управување со врски<br><br>Добивањето на сертификатот е процес кој трае околу 1 година, додека трајноста (важноста) на сертификатот е 3 години. | Беше подготвена апликација и пуштена до соодветната институција надлежна за спроведување на постапкта за сертфикација.<br>Но поради пандемијта со Ковид 19 сертификацијата е прекината бидејќи активноста бара чести посети на институцјата која бара Сертификација - менторство, координирања на повеќе одделенија што значи собирање на повеќе луѓе на едно место, патувања од странство – евалуаторите најчесто се од други држави и поради овие прични апликацијта не беше прифатена. | За оваа актвност се предвидени 300.000,00 денари. Не се потрошени во овој квартал фин.срдства |
| **2.3. Овозможување онлајн пристап до информации за сите стопански субјекти на територија на општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Јуни 2021 | Активност со која ќе се овозможи онлајн пристап до информации за сите стопански субјекти на територија на општина Охрид | За сите чинители на стопанскиот живот во општина Охрид, од страна на стручните служби на Локалната самоуправа ќе биде изготвена посебна WEB страна, која ќе ги содржи основните податоци за нив сортирани по дејности т.е. еден целосен преглед на: фирми, занаетчии, ресторани и други стопански субјекти, со што би се задоволиле потребите на граѓаните и на самите субјекти од еден таков вид на информации. | Во овој период се прибираа податоци како на кој начин да го обезбедиме онлајн пристапот до информации за сите стопански субјекти на територијата на општина Охрид, без да се потрошат финансиски средства. Во наредниот перид на веб страната на општина Охрид ќе биде објавен регистар на локалните бизниси на подрачјето на општина Охрид. | Не се потрошени средства од буџетот на општина Охрид за реализација на оваа активност. |

| 2.4 Субвенционирање на општински линиски превоз | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари - Јуни 2021 | Преку наведената мерка општина Охрид предвидува субвенционирање на општинскиот линиски превоз за граѓаните на територијата на општина Охрид | Со оглед на моменталната состојба со пандемијата на Ковид 19 и нејзиното влијание врз општествените и економски состојби во државата, ограничувањата на движење и другите рестриктивни мерки, посебно погодена економска гранка е траснпортот на патници. Намалениот обем на превоз на патници и линии во голема мерка влијае врз рентабилноста и економската оправданост на компаниите кои работаат во оваа дејност. Поради тоа, а со цел да не дојде до оневозможување на граѓаните да ги користат овие услуги (согласно протоколите за работа во време на пандемија), предвидено е субвенционирање на општинскиот линиски превоз. Начинот и критериумите со кои ќ е биде имплементирана оваа мерка ќе бидат наведени во Правилникот за субвенционирање, кој ќе треба да биде одобрен од Советот на општината, по што ќе биде распишан и јавниот повик за субвенционирање. | Во овој период беше објавен јавниот повик за субвенционирање на општински линиски превоз на официјалнта веб страна на општина Охрид.<br>На 11.мај беше отворен Јавниот повик, поднесени беа 4 барања за субвенционирање на општински линиски превоз до Комисијата за спроведување на јавниот повик.<br><br>Врз основа на условите предвидени во Правилникот и Јаниот повик сите 4 економски оператори ги исполнуваа условите за субвенционирање.<br><br>Субвенцијта изнесуваше 10 ден. по изминат километар за сите лини на територијата на општина Охрид, согласно новите регистрирани возни редови (поради пандемијта со Ковид 19) издадени од надлеженииот орган Одд. за сообраќај и улици. | Во овој квартал исплатени се 1.107.300 ден. финансиски средства.<br><br>Во нареден треба да се исплатат 1.679.422 ден |

## 3. ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | **3.1. Субвенционирање на набавка на велосипед** | | | | |
| **1.** | Јануари - Јуни 2021 | Преку наведената активност Општина Охрид предвидува субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓаните на територијата на општина Охрид. | Активноста се реализира преку објавување на јавен повик за субвенционирање на набавка на велосипеди за сите заинтересирани граѓаните на територијата на општина Охрид.<br>Правилникот врз чија основа се објави повикот, каде јасно се дефиирани критериумите и постапката за субвенционирање на велосипеди беше составен и изгласан од страна на Советот на општина Охрид. | Оваа активност се реализираше преку објава на јавен повик.<br><br>Право на користење на субвенцијата имаа сите жители на општина Охрид кои ги исполнуваа условите од Правилникот и Јавниот повик.<br><br>На 17.05.2021 беше објавен Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди во 2021 година.<br>Вкупно доставени беа 229 барања за субвенционирање. Комисијата ги разгледа поднесените барања од кои согласно критериумите на јавниот повик и согласно правилникот за субвенционирање 219 барања беа со комплетна документација, 6 поднесители на барања не влегуваат во категориите предвидени со Правилникот за користење на финансиски средства и 4 од поднесените барања не ги исполнуваат условите и критериумите согласно правилникот | Не се реализирани финасиски средства во овој период. Предвидени се 1.352.856,00 денари со вклучен персонален данок за реализација на оваа активност во нареден квартал. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | за финансирање односно се со некомплетна документација. | |
| **3.2 Субвенционирање на занаетчии** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Јуни 2021 | Преку наведената активност Општина Охрид предвидува субвенционирање на занаетчиии на територијата на општината. | Оваа мерка предвидува директна помош до најпогодената категорија на занаетчии од пандемијата на Ковид – 19, со цел задржување на работните места и зачувување на овие занаети од изумирање. Со оглед на тоа дека приходите на овие категории занаетчии во голем дел зависат од туризмот и посетителите на градот (во период во кој овие туристички посети се сведени на минимум), постои опасност од нивно целосно изумирање.<br>Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за субвенционирање на занаетчии. | Во овој период беше објавен јавниот повик за субвенционирање на најпогодената категорија на занаетчиите.<br><br>Вупно поднесени апликации беа 39 од кои 32 се прифатени со комплетна документација и ги исполнуваат условите предвитени во Правилникот и Јавниот повик.<br><br>7 од поднесените апликации се одбиени поради неисполнување на усовите во јавниот повик. | Не се реализирани финасиски средства во овој период.<br><br>Вкупно средства што општината треба да ги исплати за субвенција се 288.000,00 мкд, со вклучен персонален данок. Истите ќе се реализираат во наредниот перид. |
| **3.3. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Јуни 2021 | Проценка на имот, земјиште, насади и посеви за експропријација во корист на Општина Охрид | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Поднесени 8 барања, решени 3 | Не се реализирани финасиски средства |
| **2.** | Јануари - Јуни 2021 | Изготвени Елаборати за проценка на штета од елементарни непогоди од обилни врнежи од дожд, поплави, град и земјотрес | Редовна процедура на вршење на проценка на штети од елементарни непогоди | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **3.** | Јануари - Јуни 2021 | Легализација на бесправно изградени земјоделски | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | Стопирано | Не се реализирани финасиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | објекти. | | | |
| **4.** | Јануари - Јуни 2021 | Издавање на ИПАРД 1 и 2 потврди согласно Стратегијата за одржлив економски развој на општина Охрид. | Развој на локалната економија, вработувањето и рационалното искористување на природните и демографските ресурси и стратешки цели за поддршка на развојот на индивидуалните земјоделци | Добиени и спроведени се 18 барања | Не се реализирани финасиски средства |
| **5.** | Јануари - Јуни 2021 | Постапување по барања на граѓаните за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Редовна процедура за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Добиени и спроведени 80 барања | Не се реализирани финасиски средства |
| **6.** | Јануари - Јуни 2021 | Информација од областа на земјоделството; | Тековни консултации со сите кои имаат потреба од информации во сверата на земјоделието | Изготвени се 4 информации од бласта на земјоделството. Одржани се 3 советодавни обуки | Не се реализирани финасиски средства |

## 4.ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1** | **Подигање на капацитетите на човечки ресурси за подготовка на проекти и проектно управување** | | | | |
| | Јануари - Јуни 2021 | Подигање на капацитетите на човечки ресурси за подготовка на проекти и проектно управување | Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна | Во овој период за вработените сите состаноци, информативни работилници и сл. што ги имаа од страна на повеќето меѓународни донатори ги оддржаа online на zoom платформата. | Не се реализирани финасиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Одделението за туризам. | | |
| **4.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| 1. | Јануари - Јуни 2021 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција" акроним"CROSS4ALL" | Проектот е во фаза на имплементација од страна на водечкиот партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и другите партнери: Општина Неаполис, Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост, Факултет за Информатички и Комуникациски технологии , Св.Климент Охридски "- Битола, Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан" – Охрид.<br><br>Проектот е поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и | Проектот е во фаза на имплементација со претставници на Заеднички технички секретеријат од Солун, Грција - надлежно тело за спроведување на Програмата.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Во овој период активиран е отворениот инфо пулт во склоп на пилот програма .<br>Инфо-пултот функционира во просториите на Црвен Крст Охрид како институција која ќе ја спроведува Пилот Програмата..<br>Во тек е финална фаза на реализација на Пилот Програмата која е имплементирана од Црвен Крст, преку стационарна и мобилна медицинска екипа, која согласно критериумите изврши прегледи на лица од охридскиот регион, и нивна документација која ќе биде внесена во системот на проектот.<br>Возилото набавено во рамки на проектот е активирано и е во служба на мобилните единици на екипата агнажирана за спроведување на пилот програмата во согласност со периодот на имплементација.<br>Испратено е и одобрено трето продолжување на | Реализирани се 300.000,00 мкд сопствено учество. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | старите. | проектот поради ситуацијата со Ковид19.<br>Одобрено е продолжување на проектот до Јули 2021.<br>Изготвени се два финансиски извештаи преку МИС системот и верифицирани се трошоците кои беа направени.<br>Делот од одобрените средства е исплатен на проектна сметка.<br>Во тек е изработка на трет извештај преку МИС системот за верификација на трошоци | |
| **4.3.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| 1. | Јануари - Јуни 2021 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција” акроним”CROSS4ALL” | Проектот е во фаза на имплементација во партнерство со водечки партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и партнери: Општина Неаполис,Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост,Факултет за Информатички и Комуникациски технологии ,Св.Климент Охридски “- Битола,Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид,поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку | Проектот е во фаза на имплементација со претставници на Заеднички технички секретеријат од Солун, Грција - надлежно тело за спроведување на Програмата.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Во овој период активиран е отворениот инфо пулт во склоп на пилот програма.<br>Инфо-пултот функционира во просториите на Црвен Крст Охрид како институција која ќе ја спроведува Пилот Програмата..<br>Во тек е финалната фаза на реализација на Пилот Програмата која е имплементирана од Црвен Крст, преку стационарна и мобилна медицинска екипа, која согласно критериумите изврши прегледи на лица од охридскиот регион, и нивна документација која ќе биде внесена во системот на | Вкупно реализирани 1.086.975,00 мкд, од кои 450.000,00 во првиот а 636.975,00 мкд во вториот квартал |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги. | проектот.<br>Возилото набавено во рамки на проектот е активирано и е во служба на мобилните единици на екипата агнажирана за спроведување на пилот програмата во согласност со периодот на имплементација.<br>Испратено е и одобрено трето продолжување на проектот поради ситуацијата со Ковид19.<br>Одобрено е продолжување на проектот до Јули 2021.<br>Изготвени се два финансиски извештаи преку МИС системот и верифицирани се трошоците кои беа направени.<br>Делот од одобрените средства е исплатен на проектна сметка.<br>Во тек е изработка на трет извештај преку МИС системот за верификација на трошоци | |
| **2.** | Јануари - Јуни 2021 | IPA CBC Албанија-Македонија – Стратешки повик | РА СВС Албанија-Северна Македонија -Консултативен процес за поднесување на проектни предлози за финансирање на стратешки проекти<br><br>Со цел успешно релизирање на проектната апликација која е одобрена на повикот за финансирање на стратешки проекти во овој период се одржаа два состаноци на zoom платформата со лидер партнерот од Скопје и претставници на Европска делегација и ХОТАМ. | Ohrid Lake – Bridging two countries toward one destination.<br><br>Одобрен проект – ќе следат проектни активности во наредниот период. Во овој проект општина Охрид влегува како партнер со општина Струга и Поградец од Р. Албанија<br><br>Главната цел е да се придонесе кон економскиот развој и социјална инклузија во прекуграничните региони на Охридското езеро,Општина Поградец во Албанија, Општина Струга и Охрид во Северна Македонија.<br><br>Со проектот се планира да се набават бродови | Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | со капацитет од 50 лица на соларен или хибрден погон (струја - солар).<br><br>Да се воведе туристички производ Крстарење по Охридско Езеро<br><br>Обезбедено е Писмо за поддршка од страна на општина Охрид за учество и финансиска подршка односно сопствено учество во проектот. | |
| **3.** | Јануари - Јуни 2021 | Cepin and Ohrid –Sun (flowers)s of the EU – мерка 2,1 | Збратимување на градови , во партерство со општина Чепин , Хрватска (лидерпартнер), износ 10,800 евра, времетраење 1 месец. Периодот за имплементација се преместува од првично предвидениот во март 2020 год за крајот на годината. Ќе бидат спроведени подготвителни активности, по што ќе се знае колкав дел од буџетот ќе биде за општина Охрид. Имплементација проектните активности ќе биде кон крајот на 2020 год., согласно условите за време на пандемијата | Со проектот се предвидува да се организира и оддржи конференција – Европска унија, очекувања и заедничка иднина, со учесници од Охрид и Чепин , за размена на искуства помеѓу општините во процесот на претпристапни преговори и членство во ЕУ.<br><br>Но поради ситуацијат со вирусот Ковид 19 сеуште не се створени услови за реализирање на проектот | Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид |
| **4.** | Јануари - Јуни 2021 | IPA CBC Албанија-Македонија - under the Instrument of Pre-accession Assistance (IPA II) allocations for 2018 - 2020 | Аплициран проект - Shaping common future of Southwest and Korce cross-border regions through joint touristic development and diversifying offer Со овој проект се предвидува да се уреди дел во поранешната касарна во Охрид како голф игриште, да се воспостави голф академија за деца и возрасни кои ќе сакаат да го | Одбрена првична селекци моментално во подготовка е целосната апликација.<br><br>Подготвена и поднесена целосна апликација, моментално е во процес на евалуација. | Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | изучуваат овој спорт, да се изгради трим патека за да се обезбеди подобра простор за спорт и рекреација | | |
| **5.** | Јануари - Јуни 2021 | ЈЗПР – Брр Регионални приоритетни проекти финансирани од Националната програма за рамномерен регионален развој | „Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности“ Општина Охрид Реконструкција на улиците Момчило Јорданоски и Даме Груев (крак 2,3 и 4) | Подготвена апликација, одобрен проект, се чека да се потпишат договори меѓу инситуциите. Проект кој ќе се рализира во нареден квартал. Вкупна проценета вредност за двете улуци изнесува 18.000.000,00 мкд | Не се потрошени финансиски средства од буџетот. |
| **6.** | Јануари - Јуни 2021 | Набавка на техничка опрема за ЈП Водовод Охрид – Германска Амбасада | Проектот предвидува набавка на опрема за Јавното претпријатие Водовод –Охрид со која ќе се олесени секојдневната работа на терен.<br>- Детектор за откривање на електрични кабли при отклонување на дефекти<br>- Пумпи за исцрпување вода<br>- Електричен кршач за бетон | Аплициран преокт, побарани беа понуди од економски оператори за соодветнат опрема испратени се до Амбасадата понудите се чека да се потиши договор.<br>Вкупна проценета вредност на проектот е 386.975 мкд со ддв | Не се потрошени финансиски средства од буџетот |
| **7.** | Јануари - Јуни 2021 | Министерство за животна срдина - Програма за инвестирање во животна средина | Проект за: Техничка помош за подготовка на инвестициски проект за собирање и третман на отпадни води во населено место Трпејца, општина Охрид | Вкупна проценета врдност на проектот изнесува 2.644.500,00 мкд.<br>Се чека одговор, и доколку истиот биде одобрен ќе се спрема техничка документација за за собирање и третман на отпадни води во населено место Трпејца, општина Охрид | Не се потрошени финансиски средства од буџетот |
| **8.** | Јануари - Јуни 2021 | Реконструкција и опремување на современ центар за физикална терапија во специјалната болница Св. Еразмо - Охрид | Центар за развој на Југозападен плански регион во рамките на проектот "Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ кој го реализираат Министерството за | Во првата половина на оваа година општина Охрид заедно со Центарот за развој на ЈЗПР поднесе апликација до SDC.<br>Активностите на терен завршија, реконструкцијата комплетно е завршена и базенот е пуштен во употреба. | Не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид туку средствата се очекува да се |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка –преку Регионални форумски сесии овој проект се рангира како прв најприоритетен од сите 5 предлози. | Проектот беше промовиран во јавноста и медиумите | обезбедат од Министерство за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC ) 150.000 CHF |
| **9.** | Јануари - Јуни 2021 | Испратена апликација за програмата EU for Municipalities. Improving Local Government Services through Innovative Concepts | Општина Охрид во партнерство со Општина Воден, Грција и Stellar Solutions од Скопје, подготвија предлог проект Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO) во рамки на оваа програма, во кој општина Охрид е водечки партнер. Во активностите кои се предвидени за општина Охрид се набавка и поставување на Smart City Bike System, изградба на адреналински парк и Pump track стаза, Старт ап центар во зградата на поранешната касарна, апликација My Ohrid и други активности. Вкупниот износ на проектот е 716.766 еур а за општина Охрид се предвидени околу 500.000 еур. | Проектот е одобрен, се чека потпишување на договорот и почеток на активностите. | Не се потрошени финансиски средства |

**Број 08-8751/12**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2020 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата и реализација на Програмата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2020 година за периодот од 01.04. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/113** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА -ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата Територијалната противпожарна единица – Охрид за 2021 година, за периодот од 01.04. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работата и реализацијата на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид (ТППЕ) во второто тромесечие 2021 година, за периодот од 01.04.2021 до 30.06.2021 година**

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во наведениот период изврши и превзеде за решавање 69 интервенции – шестомесечие 159 за гаснење пожар (149 во 2020) и тоа:

ТППЕ на подрачјето на Општина Охрид изврши вкупно 61 интервеници за гаснење на пожари (149 во 2020) и тоа:
- пожари на објекти - 26 интервенција – шестомесечие 81 (81 во 2020);
- пожари на отворен простор - 30 интервенции – шестомесечие 54 (48 во 2020)и
- пожари на сообраќајни средства - 5 интервенции – шестомесечие 8 (8 во 2020).

ТППЕ на подрачјето на Општина Дебарца изврши вкупно 7 интервеници за гаснење на пожари (6 во 2020) и тоа:
- пожари на објекти - 2 интервенции – шестомесечие 3 (5 во 2020);
- пожари на отворен простор - 4 интервенции – шестомесечие 9 (8 во 2020)и
- пожари на сообраќајни средства - 1 интервенции – шестомесечие 3 (2 во 2020).

Од ТППЕ Охрид во второто тромесечие 2021 година беше побарана помош за асистенции при гаснење пожар од Општина Струга.

Општина Струга – пожари на објекти 1 интервенции – шестомесечие 1(1 во 2020).

Во пожарите во Општините Охрид и Дебарца, според интерна проценка, не е причинета материјална штета од поголем обем ни наприватен ни на општествен сектор – шестомесечие 85.000 денари, (600.000 во 2020).

Од вкупниот број на пожари во Општините Охрид, Дебарца и Струга 51 интервенции се на објекти и простори во приватна сопственост – шестомесечие 122 (111 во 2020), 17 интервенции на објекти и простори во државна сопственост – шестомесечие 36 (36 во 2020), а 1 интервенција е на објекти и простори во мешовита државно-приватна сопственост – шестомесечие 1 (2 во 2020).

Своите активности Територијалната противпожарна единица – Охрид во слободното време ги спроведува согласно Правилник за стручно оспособување и усовршување на работниците во Територијалните противпожарни единици на РМ, со изведување на практично теоретска настава и анализи од настанатите пожари.

Сепак како и досега повторно напоменувам дека сите планирани и непланирани активности, од изведување настава, анализи и практична обука, се спроведуваат во несоодветни стегнати админисративно канцелариски и надворешни просторни услови во објектот на единицата и надвор околу него, од причини што истите се узурпирани од страна на МВР на РМ – СВР Охрид. Узурпираниот надворешен простор околу зградата сопственост на ТППЕ Охрид, а во текот на оваа година од страна на „многу стручни лица„ од СВР Охрид е преграден со жичана ограда на два дела и претворен во паркинг плац за приватни и службени возила и повторно ТППЕ Охрид своите програмски практично-тактичко наставни активности не е во можност да ги спроведува воопшто нормално и квалитативно.

**Овој проблем на ТППЕ Охрид соодветно со потребите на единицата еднаш засегогаш треба и мора да се реши** заради претходно наведените неопходни потребни услови за спроведување на активностите на ТППЕ Охрид.

Во текот на второто тромесечие во 2021 година за потребите на пожарникарите во ТППЕ Охрид не е реализирана ниту една планирана јавна набавка согласно Планот и програмата, освен тековните состојби и потреби.

Сепак за спроведување на сите претхоно наведени планирани и непланирани активности согласно финансиската програма на ТППЕ Охрид за 2021 година реализирани се и потрошени следните финансиски средства:

| | |
|---|---|
| 1. конто 424190 - поправка на возила (шестомесечие 3.460,оо денари) | 00,оо денари |
| 2. конто 424440 - поправка и одржување на друга опрема (шестомесечие 23.104,оо денари) | 00,оо денари |
| 3. конто 421410 - горива и масла (шестомесечие 116.078,оо денари) | 36.436,оо денари |
| 4. конто 421220 – огревно дрво (шестомесечие 59.293,оо денари) | 00,оо денари |

Сите активности во наведениот период ТППЕ Охрид ги изведуваше со 37 пожарникари.

**Број 08-8751/14**
**31.08.2021год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за активностите на Општина Охрид во областа на образованието за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/114**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2021 ГОДИНА***
***за периодот 01.01.2021 – 30.06.2021 година***

**Вовед:**

Периодот 01.01 - 31.06.2021 г., е во знакот на пандемијата со Корона вирусот и сите активности во областа на образованието (училишни и вонучилишни) се одвиваат во согласност со препораките и протоколите пропишани од надлежните институции.Така на пр. наставата во основните и во средните училишта во овој период во целост се одвиваше онлајн.

Во врска со начинот на одвивање на наставата со физичко присуство во училниците со поголем број на ученици, учениците се поделени на групи, со што наставата се одвива во групи, а клупите се наместени по протокол, со почитување на растојание од 1,5 м.

Согласно препораките и дадените насоки, од МОН добиена е согласност за одвивање настава со физичко присуство во сите основните училишта во Општина Охрид од прво до трето одделение, додека во ПУ Далјан, ПУ Ливоишта, ПУ Косел, ОУ „Св.Наум Охридски“ с. Пештани со ПУ Трпејца, Пу Елшани и ПУ Коњско за настава со физичко присуство од прво до петто одделение.

Во ОМУ „Методи Патче“ наставата за учениците по инструмент се одвива со физичко присуство во сите одделенија, додека настава солфеж се одвива онлајн.

Наставата во другите одделенија во сите основни училишта се одвива онлајн

Наставата во основните училишта во Општина Охрид и покрај Пандемијата, се одвиваше нормално и не се забележни било какви проблеми во одвивање на наставата со физичко присуство.

Во средните училишта во Општина Охрид наставата во целост се одвиваше онлајн.

- На почетокот од 2021 година, како и секоја година, Одделението за образование достави до МОН **предлог-план за упис на ученици во прва година** во средните училишта, како основ за подготвување на Конкурсите за упис на ученици во учебната 2021/2022 година.

- Во Одделението за образование, тековно, според потребите, се изготвуваа и се доставуваа до училиштата **согласности за** ангажирање лица до три месеци на ослободени работни места по различен основ: пензионирање, боледување, неплатено отсуство, согласности **за отпочнување постапки** за јавни набавки, **согласности за исплаќање средства** од општинската сметка**,** и воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на училиштата.

- Во Одделението за образование се врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените во училиштата и истите се проследуваат до надлежното министерство.

- Во соработка со другите одделенија, се обезбедува потребната документација за добивање одобренија за реконструкции и градби, како основ за отпочнување и реализација на низа реконструкции и капитални инвестиции, кои се дел од Програмата за образование.

**ПРОЕКТИ:**

**Согласно препораките за борба против пандемијата КОВИД – 19 реализацијата на проектите се одвива онлајн, согласно насоките кои ги даваат донаторите, министерствата и другите институции.**

**- Проект „Електричниот отпад создава можности – WEEE Creates possibilities“ – се реализира во соработка со Центарот за климатски промени -** Целта на проектот е подигнување на свеста на населението со фокус на децата од основните училишта во Охрид, за негативните влијанија на електричниот и електронски отпад (ЕЕО) врз животната средина и здравјето на луѓето, како и да ја истакне потребата од селектирање на овој отпад. Проектот се спроведува во дел од основните училишта во Општина Охрид.

**- „ЕРАЗМУС+“ Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност** – на почетокот на 2020 година училиштата активно аплицираа на повиците кои се објавени во рамки на ЕРАЗМУС + програмата. Во рамки на програмата „ЕРАЗМУС+“ и во текот на 2020 година продолжија да се реализираат активности врз основ на претходно добиените проекти во 2019 година и тоа: ОСУ „Св.Климент Охридски“ – „Connecting schools across border 2018-2020“ и „Обединети во различноста: УНЕСКО регионално наследство во рамките на европскиот идентитет 2018-2020“.

Во 2019 година ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец во рамки на програмата ERASMUS + ги доби два проекти кои траат од 01.09.2019 – 31.08.2021 година:

- Прв проект: ООУ „Ванчо Николески“ е партнер училиште, согласно правилата за акција КА229 – Стратегиски партнерства за училишни размени.

Британската Национална агенција во рамките на Програмата Еразмус+, ја одобри за финансирање апликацијата во која ОУ„Ванчо Николески“ се јавува како партнер училиште. Согласно правилата за акција КА229– Стратегиски партнерства за училишни размени, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност , одобри грант за користење на средства во висина од **18.459,00** евра во денарска противвредност.

Име на проектот: **Clean nature – long life.** (Чиста природа – долг живот)

Партнери во проектот: Велика Британија, Северна Македонија, Турција, Португалија и Романија.Прва мобилна средба во Охрид – 03 – 09 Ноември 2019**.**

- Втор проект: Основното училиште „Ванчо Николески “ е партнер училиште, согласно правилата за акција KA229 – Стратегиски партнерства за училишни размени.

Полската Национална агенција во рамките на Програмата Еразмус+, ја одобри за финансирање апликацијата во која нашето училиште за јавува како партнер училиште. Согласно правилата за акција KA229 – Стратегиски партнерства за училишни размени,Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ,одобри грант за користење на средства во висина од 31.320,00 евра во денарска противредност.

Име на проектот: **Breaking barriers through sharing treasures** (Бришење бариери преку споделување богатства)

Партнери во проектот: Полска, Северна Македонија, Турција, Португалија, Грција и Италија

Прва мобилна средба во Охрид – 17 – 23 Ноември 2019**.**

Средствата од двата проекти училиштето ќе ги користи во текот на 2020/21 год.

**- Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“** – се спроведува од страна на МОН, а согласно потпишан Меморандум за соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка. Главна цел на програмата е успешно спроведување на теоријата во дневната пракса при работа на воспитно образовните институции, со што би се влијаело на подигнување на еколошката свест кај сегашните и идните генерации на одржлив еколошки и финансиски развој и заштеди не само за градинките и училиштата, туку и на сите инволвирани страни: министерството за образование, општините и пошироката јавност.

**- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието на млади:** Целта на овој проект е да помогне во овозможувањето позитивни интеракции меѓу младите од различна етничка припадност на ниво на училиште и на заедница, истовремено подобрувајќи ги вештините за граѓанско образование, однесувања и волонтерски практики на младите. Со финансии од Министерството за одбрана на САД, програмата исто така обезбедува соодветни придонеси за покривање на трошоците за реновирање и други физички подобрувања идентификувани од страна на младите запишани во училиштата кои се дел од оваа програма.

Овој проект тесно соработува со централната и локалната власт, сите основни и средни училишта и што е најважно со учениците, наставниците, родителите и лидерите од различни заедници за да создадат можности за интеракција помеѓу училишните заедници и да се поттикне подобра меѓуетничка кохезија меѓу младите. Исто така овој проект соработува со Министерството за образование и наука, за да го поддржи процесот на ревидирање на содржините за граѓанско образование и вклучување на учениците во училишниот и заедничкиот живот, промовирајќи учество на учениците во процесите на донесување одлуки во нивните училишта и општини.

Во рамки на проектот е изработена Стратегија за меѓуетничка интеграција на младите што е усвоена од страна на Советот на Општина Охрид. Вакви Стратегии во рамки на проектот се изработуваат во 10 избрани општини во државата.

ООУ „Григор Прличев“ како амбасадор училиште во проектот на Erasmus + " Robotics vs. Bylling " како донација од фондацијата „Friends od Educations" доби 2 интерактивно роботчиња кои ќе најдат примена за интерактивна и интегрирана настава со учениците од одделенска настава;

- ООУ „Григор Прличев“ е наградено училиште од фондацијата „Чекор по чекор„ за проект: Редовно на часови. Активно вклучување на Ромите во образованието. Грантот за овој проект е во износ од 2.500 евра.

**АКТИВНОСТИ:**

***Од активностите кои спаѓаат во рамките на капитални инвестиции како и тековно одржување на училишните објекти и опрема, во периодот 01.01.-30.06.2021 реализирани се следните:***

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ:**

Во првото полугодие исплатени се **3.300.279,00 ден општински средства** за инвестиции реализирани во 2020 год и тоа: 860.757,00 ден. за промена на столарија во ОУ „Григор Прличев“- Охрид, 1.000.000,00 ден. за санација на санитарни јазли во ОУ„Христо Узунов“-Охрид.

Исто така, исплатени се 2.636.550,00 ден за набавка на информатичка опрема во текот на 2020 год.

- Во ООУ „Живко Чинго“-Велгошти купени се 18 рефлектори во износ од 46.800,00 денари кои се платени од сопствена сметка.

- Во ООУ „Братство Единство“ добиени се 52 таблети марка Lenovo M8 донација од МАКПЕРОЛ АД Скопје.

- Во ООУ „Братство Единство“ во тек е постапка за санација на водовод во училишната зграда Лескајца за што е склучен договор во вредност од 624.123,24 ден со вклучен ДДВ – општински средства.

- Во ООУ „Братство Единство“ извршена е набавка една косалица во износ од 24.000,00 денари. - општински средства.

- Во ООУ „Христо Узунов“ се изведуваат активности околу целосна реконструкција на подовите во училниците, во износ од 2 950 540,00 ден, с-ва од буџетот на Општина Охрид.

- Во ООУ „Христо Узунов“ – Охрид се врши поставување на бетонска кошулица во вкупен износ од 892.552,00 денари.

- Во ООМУ “Методи Патче“ – Охрид се набавени 15 компјутери во вкупен износ од 308.583,00 денари од општински средства и набавена е косилка 36.250,00 и лаптоп 32.970,00 денари од сопствени срества.
- Во ООМУ „Методи Патче“ – Охрид извршена е санација на осветлување 22.493,00 денари од сопствени средства.
- Во ООУ „Кочо Рацин“ - ПУ Д.Лакочереј извршена е санација на водоводната мрежа во износ од 11.200,00 денари од кои сопствени 6.400,00 ден. и 4.800,00 ден. општински средства.

- ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец од 01.04 - 30.06.2021 година се направени/набавени следниве работи:

  - Репарирани се ѕидови во ходникот во висина од 1 метар и 20 см. со абриб, во вредност од 12,000.00 МКД - сопствени средства;

  - Набавен е 3Д печатар во вредност од 24,000.000 МКД - донација од Проект за македонските училишта;

  - Во ООУ Ванчо Николески с.Лескоец во тек е санација на подови во вкупен износ од 365.800,00 денари. – општински средства.

- Во ООУ „Григор Прличев“ – Охрид промена на под во ходници во вкупен износ од 748.162,48 денари – општински средства.

- Во ООУ „Григор Прличев“ - Охрид како донација беа обезбедени 6 статични компјутери и 2 таблети од општествено одговорни компании и физички лица за потребите на ученици од ранливи категории и училиштето;

**Во продолжение табеларно Ви прикажуваме планирано - реализирано од Програмата за основно и средно образование за 2021година во периодот 01.01.2021 - 30.06.2021 год.**

За 2021 година во Буџетот на општина Охрид за основно образование предвидени се 22.840.000,00 денари општински средства од кои во првото полугодие реализирани се 48%, износот на сопствените средства на основните училишта е 5.600.000,00 денари а реализирани се 12,09%, блок дотацијата е 266.516.000,00 денари а реализирани се 49,13%, а 9.337.666,00 денари се обезбедени од проекти од кои реализирани се само 6,53%

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ:**

| | ОПИС | РОК | НОСИТЕЛ | ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Блок-дотации* | *Општински средства* | *Сопствени средства* | *Реализирано во периодот 01.01.-30.06.2021* |
| I | **Капитални инвестиции и реконструкции** | | | | | | |
| | Промена на кров (азбестни табли) | | ООУ„Св.Наум Охридски“-објект во Пештани | | 700.000,00 | | Проект на МОН (средствата ќе се пренаменат со ребаланс на Буџетот) |
| | Изградба на училишна спортска сала | | ООУ „Ванчо Николески“ Лескоец | | | | Начелна согласност МОН |
| | Изградба на училишна спортска сала | | ООУ„Кочо Рацин“ | | | | Начелна согласност МОН |
| | Нови врати во кабинети и училници | | ООУ„Христо Узунов“ | | 550.000,00 | | |
| | Уредување на училишен двор | | ООУ„Христо Узунов“ | | 300.000,00 | | Даден налог за работа |
| | Поставување на бетонска кошулица | | ООУ„Христо Узунов“ | | 1.300.000,00 | | Во тек е реализација |
| | Целосна реконструкција на училиштето | | ООУ„Св.Наум Охридски“-ПУ Трпејца | | | | Донација |
| | Оградување на училишниот парк со ограда и влезна врата | | ООУ„Живко Чинго“ | | 100.000,00 | | |
| | Поставување на рампа за инвалидизирани лица | | ООУ„Живко Чинго“ | | 50.000,00 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Реконструкција на постоечка ограда со жица | | ООУ„Кочо Рацин“-централно | | 60.000,00 | | |
| | Поставување на рампа за инвалидизирани лица | | ООУ„Кочо Рацин“-централно | | 50.000,00 | | |
| | Поставување ново осветлување во училниците и училишниот двор | | ООУ„Кочо Рацин“-ПУ Д.Лакочереј | | 90.000,00 | | |
| | Санација на фасада | | ООУ„Григор Прличев“- | | | | Начелна согласност МОН |
| | Промена на под во ходници | | ООУ„Григор Прличев“-новата зграда | | 760.000,00 | | реализирано |
| | Реконструкција на паркет во спортска сала | | ООУ„Григор Прличев“ | | 900.000,00 | | |
| | Санација на тоалети | | ООУ„Григор Прличев“ – ПУ Рача | | 60.000,00 | | |
| | Изградба на нов училишен објект | | ООУ„Братство единство“-објект Крст Џамија | | | | Донација „ТИКА“ |
| | Изработка на дренажа | | ООУ „Братство единство“ - Лескајца | | | | Донација |
| | Реконструкција на тоалети | | ООУ „Братство единство“ - Лескајца | | 1.200.000,00 | | |
| | Санација на водоводна и одводна мрежа | | ООУ „Братство единство“ - Лескајца | | 870.000,00 | | Во тек е реализација |
| | Санација на подови во училиштето | | ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец | | 500.000,00 | | реализирано |
| | Изградба на нова надстрешница | | ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Косел | | 50.000,00 | | |
| | Изградба на нова надстрешница и реконструкција на олуци | | ООУ „Ванчо Николески“ ПУ Куратица | | 90.000,00 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обнова и одржување на фасада | | ООУ „Св.Климент Охридски“ПУДаљан | | 430.000,00 | | |
| | Реконструкција на санитарни јазли | | ООУ „Св.Климент Охридски“ - централно | | | | Донација |
| | Поплочување на двор со бехатон плочки | | ОМУ „Методи Патче“ | | 300.000,00 | | |
| | Обнова и одржување на фасада | | ОМУ „Методи Патче“ | | 1.100.000,00 | | |
| | Реконструкција на електрична инсталација | | ОУ„Братство-единство“ | | 300.000,00 | | |
| | Набавка на училишен мебел и друга училишна опрема | | Основни училишта | | | 964.000,00 | Исплатени се 82.355,00 ден.сопствени средства |
| | **Вкупно НА**: | | | | 9.760.000,00 | 964.000,00 | |
| | Тековно одржување на објекти и опрема | | основни училишта | 100.000,00 | 2. 800.000,00 | 900.000,00 | Исплатени се 1.665,551,00 ден општински с-ва и 129.669,00 ден сопствени средства |
| | **ПРОЕКТИ и АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
| | Продолжен престој | 15септември-10 јуни (законски основ) | Општина Охрид основни училишта | | 550.000,00 | | |
| | Персонални образовни асистенти | Проект кој е во рамките на Програмата за социјална заштита | Основни училишта и УНДП | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обезбедување на училиштата со чуварска служба и сметководители | | | | 2.000.000,00 | | Исплатени се 1.519.825,00 ден |
| | Детски семафор – Општинска сообраќајно-воспитна манифестација | мај | СВР, општина Охрид и основните училишта | | | логистика | |
| | Безбедни училишта | декември-март | СВР, општина Охрид,основни | | Логистика | логистика | |
| | „Реонскиот полицаец Ве советува“ | тековно | СВР, општина Охрид,основни училишта | | Логистика | логистика | |
| | Училишни игри без граници | Декември-мај | Извиднички одред„Пионер“ основни училишта | | | логистика | |
| | Образованието и полицијата против дрогата во заедницата | октомври-декември | СВР,општина Охрид, основни училишта | | Логистика | логистика | |
| | Доделување стипендии на ученици | Октомври-ноември | Општина Охрид | | 1.350.000,00 | | Исплатени се 1.531.500,00 ден. |
| | Финансиска поддршка и превоз на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | мај-јуни | Општина Охрид Основни училишта | 200.000,00 | | 163.000,00 | |
| | Наградување на ученици кои освоиле први места на државни и меѓународни натпревар | 24 мај | Општина Охрид Основни училишта | | | | |
| | Манифестации организирани по разни поводи (патронати,државни | тековно | Основни училиштата | | Логистика | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | празници) | | | | | | |
| | **III ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| | Плати и придонеси за вработените | Тековно | Општина Охрид,основни училишта,МОН | 253.500.000,00 | | | Исплатени се 125.628.498,00 ден. |
| | Режиски трошоци | тековно | Општина Охрид,основни училишта | 9.470.000,00 | 5.000.000,00 | 377.000,00 | Исплатени се 3.569.236,00 ден. |
| | Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост поголема од 2 км од училиштето | Тековно (законски основ) | Општина Охрид,основни училишта | 1.300.000,00 | | | Исплатени се 551.150,00ден. од блок дотации |
| | Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Тековно (законски Основ) | Општина Охрид | 300.000,00 | 480.000,00 | | 168.264,00 ден. општински с-ва и 236.600 ден. од блок дотации |
| | Субвенционирање на превозот на наставниците кои држат настава во руралните средини (По Меморандум за соработка меѓу СОНК и Општина Охрид) | Септември-јуни | Општина Охрид , СОНК основни училишта | | 300.000,00 | | Исплатени се 138.775,00 ден. општински средства |
| | Превозни услуги во образованието | | Основни училишта | | | | |
| | канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала, | Тековно (законски основ) | Општина Охрид училишта | 700.000,00 | 200.000,00 | 1.697.000,00 | Исплатени се 481.118,00 ден од блок дотација и 307.372,00 ден.. сопствени с-ва |
| | Осигурување на објектите | Тековно (законски основ) | ОпштинаОхрид Основни училишта | 150.000,00 | | 73.000,00 | 68.456,00 |
| | Санитарни и систематски прегледи на вработените | Тековно (законски основ) | Општина Охрид Основни училишта | 500.000,00 | | | Исплатени се 74.800,00 ден за |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | во училиштата,ДДД | | | | | | систематски прегледи и 19.612,00 ден. за ДДД |
| | Набавка и сервисирање на противпожарна опрема и хидранти | Тековно (законски основ) | Општина Охрид основниучилишта | 100.000,00 | | | |
| | Чистење оџаци и парни котли | Тековно (законски основ) | Општина Охрид основни училишта | | | логистика | |
| | Објавување огласи и др оперативни расходи | | | 146.000,00 | | 517.000,00 | Исплатени се 78.614,00 ден. |
| | Изготвување основни проекти и елаборати за разни намени, спроведување на решенија за легализација во агенција за катастар | тековно | Општина Охрид основни училишта | | 400.000,00 | | Исплатени се 36.840,00 ден. |
| | Судски решенија | | | | | | |
| | Вонучилишни образовни услуги и др.дополнителни услуги | | Основни училишта | | | 313.000,00 | Исплатени се 610.019,00 ден. од донаторски сметки |
| | Наставен план и програма | | Основни училишта | | | 102.000,00 | |
| | Договорни услуги | | | | | 184.000,00 | Исплатени се 37.469,00 ден. |
| | копирање и печатење | | | 50.000,00 | | 166.000,00 | 10.484,00 ден од блок дотација |
| | Патни расходи(дневници) | | Основни училишта | | | 144.000,00 | |
| | **Вкупно Н1:** | | | | **13.080.000,00** | | |
| | **СЕВКУПНО Н1 и НА:** | | | **266.516.000,00** | **22.840.000,00** | **5.600.000,00** | |

СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ:

**За 2021 година во Буџетот на општина Охрид за средно образование предвидени се 3.000.000,00 денари општински средства од кои во првиот квартал се реализирани 58%. Износот на сопствените средства на средните училишта е 2.600.000,00 денари од кои се реализирани 12,06 %, блок дотација е 174.579.735.000 денари а реализирани се 13,15% и 2.909.298,00 денари од проекти за доживотно учење Еразмус + во прв квартал реализирани само 0,36%.**

**- Во ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ – Охрид извршена е:**

- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ во вкупен износ од 5.290.230,22 денари;

- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКИНГ ПРОСТОР И ПРИСТАПЕН ПАТ КОН РАБОТИЛНИЦА во вкупен износ од 1.759.971,65 денари.

| | **ОПИС** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Блок- дотации* | *Општински средства* | *Сопствени средства* | *Др.извори* |
| | **Капитални инвестиции и реконструкции** | | | | | | |
| | Промена на кровна конструкција (азбестен кров) | | ОУТУ„Ванчо Питошески“ | | | | *МОН* |
| | Изградба на училишна спортска сала | | ОУТУ„Ванчо Питошески“ | | | | *Начелна согласност МОН* |
| | Инсталација на нов систем за греење | | ОСУ „Св.Климент Охридски“ | 6.000.000,00 | | | |
| | Инсталација на нов систем за греење | | СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ | 6.000.000,00 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Термо фасада | | СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ | 5.000.000,00 | | | |
| | Уредување на училишен двор | | СОСУ„Св.Кирил и Методиј | 1.000.000.00 | | | |
| | Оградување на училиштето | | ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски | 220.000,00 | | | |
| | Реконструкција на училишната зграда | | ОСУ „Св.Климент Охридски“ | 15.000.000,00 | | | |
| | Санација на училишен двор и нова ограда | | ОСУ „Св.Климент Охридски“ | 2.000.000,00 | | | |
| | Санација на спортско игралиште | | ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски | 1.000.000,00 | | | |
| | **Вкупно :** | | | 36.220.000,00 | | | |
| | Тековно одржување на објекти и опрема | | Средни училишта | 17.819.735,00 | | 170.000,00 | |
| | Изградба, реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во средните училишта | | Средни училишта | | | | донации |
| | Набавка на опрема и машини | | Средни училишта | 2.000.000,00 | | 531.000,00 | |
| | **Вкупно:** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| | Плати и придонеси | тековно | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 91.000.000,00 | | | Исплатени се 44.749.307,00 ден |
| | Режиски трошоци | тековно | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 7.739.000,00 | | 175.000,00 | Исплатени се 1.332.274,00 ден од блок дотација и 18.357,00 ден. сопствени с-ва |
| | Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост од училиштето од најмалку 2,5 км | Септември -јуни | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 15.000.000,00 | | | Исплатени се 133.530,00 ден |
| | канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала, | тековно | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 995.000,00 | | 491.000,00 | Исплатени се 266.806,00 ден од блок дотација и 91.162,00 ден. сопствени с-ва |
| | Манифестации организирани по разни поводи (патронати, државни празници) | тековно | средни училиштата | | логистика | 169.000,00 | спонзори |
| | Поддршка на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари во средните училишта | мај-јуни | Општина Охрид средни училишта | 300.000,00 | | 105.000,00 | |
| | Матурска парада | мај | Општина Охрид и средни училишта | 200.000,00 | | | |
| | Патни расходи | | | | | 128.000,00 | |
| | Копирање и печатење | | | | | 55.000,00 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наградување на ученици кои освоиле први места на државни и меѓународни натпревар | 24 мај | Општина Охрид средни училишта | | | | |
| | **Вкупно :** | | | | | | |
| | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | | | | | | |
| | Безбедни училишта | декември-март | СВР,општина Охрид средни училишта | | логистика | логистика | |
| | Обезбедување на училиштата со чуварска служба и друг технички кадар | Септември - август | | | 1.000.000,00 | | Исплатени се 527.562,00 ден |
| | Образованието и полицијата против дрогата во заедницата | октомври-декември | СВР,општина Охрид, средни училишта | | логистика | логистика | |
| | Учество во проекти финансирани од невладиниот сектор | тековно | НО;општина Охрид, средни училишта | | логистика | | |
| | „Подобрување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системите за образование на возрасни“ | | Еразмус +,средни училишта(ОСУ „Св.К.Охридски“ и СОСУ „Св.Кирил и Методиј“) | | логистика | логистика | |
| | Книги за библиотека | | Средни училишта | | | | |
| | **III ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| | Осигурување на објектите | Тековно (законски основ) | Општина Охрид Средни училишта | 300.000,00 | | 60.000,00 | 87.131,00 ден. од блок дотација |
| | Санитарни и систематски прегледи на вработените во училиштата | Тековно (законски основ) | Општина Охрид средни училишта | 300.000,00 | | 40.000,00 | 48.000,00 ден од блок дотација |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Чистење на оџаци и парни котли | Тековно (законски основ) | Општина Охрид средни училишта | | | логистика | |
| | Дератизација,дезинфекција дезинсекција | Тековно (законски основ) | Општина Охрид средни училишта | 50.000,00 | | | |
| | Доделување стипендии на ученици | Септември-јуни | Општина Охрид | | 2.000.000,00 | | Исплатени се 1.999.500,00 ден. |
| | Изготвување основни проекти и елаборати за разни намени и нивно спроведување во агенцијата за катастар | тековно | Општина Охрид,средни училишта | 1.200.000,00 | | | |
| | Субвенционирање на превозот на наставниците кои патуваат од руралните средини (Меморандум за соработка меѓу СОНК и општина Охрид) | Септември-јуни | СОНК, Општина Охрид | | | | |
| | Договорни услуги | | | 100.000,00 | | 330.000,00 | |
| | Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Тековно (законски основ) | | 556.000,00 | | | Исплатени се 296.094,00 ден. |
| | Огласи и др. оперативни расходи (семинари,конференции,обуки) | | | 300.000,00 | | 195.000,00 | Исплатени се 158.312,00 ден. |
| | Вонучилишни и др. образовни услуги | | | 500.000,00 | | 151.000,00 | Исплатени се 10.663,00 ден. |
| | СЕВКУПНО: | | | **174.579.735.000** | **3.000.000,00** | **2.600.000,00** | |

**Број 08-8751/16**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програма за детска заштита 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/115**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за детска заштита за 2021 година за периодот од 01.01.до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/17**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД 01.01.2021 - 30.06.2021 ГОДИНА**

**Вовед:**

Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување развој на установи и служби за заштита на децата.

Во тој правец ,во рамки на своите надлежности, Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита во делокругот на своите работни задачи ги опфаќа активностите во смисла на основање, финансирање и администрирање на детската градинка, во соработка со централната власт.

Согласно Законот за детска заштита како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорното министерство, реализирани се активности кои се составен дел на Програмата за детска заштита за 2021 година.

***Детска заштита***

Во Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита, тековно се следи законитоста во работењето на градинката.

Во периодот 01.01.2021 год. - 30.06.2021 год., ангажирани се 23 лица на определено време преку Агенција за посредување при вработување и истите се финансирани од сопствени средства на градинката.

Секторот врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените на неопределено време во детската градинка и истите ги проследува до надлежното министерство.

**Во соработка со Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита, во периодот 01.01.2021 - 30.06.2021 година, во детската градинка се реализирани неколку активности и проекти:**

- **„Реонскиот полицаец Ве советува“ -** се реализира во соработка со СВР Охрид – Отсек за превенција, со цел обезбедување на безбедна средина за живот на децата, како и подигнување на свеста кај децата за личната одговорност и самозаштита. Проектот се реализира во основните училишта.
- **„Мојот пријател полицаец“** – Поради неинформираност на децата од предучилишна возраст за значењето на општата безбедност и значењето на полицијата, Секторот за образование при општина Охрид, градинката „Јасна Ристеска“ и МВР-Охрид превзедоа мерки и активости со планиран проект на тема: „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“, што континуирано се имплементира во програмските активности на градинката. Реализацијата на проектот опфаќа повеќе активности:
- посети на униформирани полицајци во градинка на децата од 5-6 годишна возраст и заеднички разговори; изработка на сообраќајни знаци, крстосници и возила од отпадни и природни материјали и цртежи и реализирање на изложба од истите; посета на полициска станица, езерска полиција, полициско возило и запознавање со работата на полициските служби и нивната опрема, кој се реализира со вклучување на родителите.

- **„Детски БОНТОН“** – Целта на овој проект е едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Тоа би допринело и за поквалитетно живеење, поголема толеранција, спречување на конфликти и меѓусебно почитување. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како децата да

се однесуваат. Реализацијата на проектот опфаќа: изработка на Прирачник „Бонтон за деца“, прикажување на видео материјал преку кој децата се едуцираа како треба да се однесуваат, влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат своите деца, подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување, едукативни средби со припадниците на секторот за превенција што ги едуцираа децата за начинот на однесување на улица и во сообраќајот, медиумска кампања.Проектот се реализира тековно во сите објекти на градинката.

Во рамки на проектот издаден и прирачникот на турски јазик, за деца припадници на турската националност.

**ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИЈА, за периодот од 01.01. - 30.06.2021год. (според книговодствената евиденција):.**

1. *За **детската градинка,** од средствата добиени како блок дотација, во период 01.01.2021г. – 30.06.2021 година исплатени се вкупно **22.667.210 ден.** или 43,01% од планираните**52.700.000,00** ден . за 2021г. и тоа:*

- 20.261.843,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените
- 2.238.427,00 денари се исплатени за комунални услуги, греење, комуникација
- 166.940,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош.

Од **сопствени приходи** на градинката ,за овој период исплатени се 7.638.974,00 ден. односно 22,5% од предвидените 33.946.504,00 за 2021 г.(детската градинката до Советот на општината ,во законски утврдените рокови доставува извештај за реализација на сопствените средства ).

Во Буџетот за 2021 година не се предвидени општински средства за Програмата за детска заштита.

**Број 08-8751/18**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите од социјална заштита за 2021 година за периодот од 01.01. до

30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/116** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за активностите од социјална заштита за 2021 година, за периодот од 01.01.до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ***
***ОД***
***ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА***
***01.01 – 30.06.2021***

1. Имплементација на проектот **Општинско – корисно работа** со наслов „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните” – Отворени можности за еднакво образование за сите деца. Проектот е донација од УНДП и во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Програмата општинско корисна работа која има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено време, заради вклучување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд. Секоја година се аплицира во зависност кој се потреби и приоритети во тековната година.Во текот на 2020 и 2021 година со проектот се ангажираа на 10 образовни асистенти со цел поефикасно спроведување на воспитно образовниот процес на децата со попреченост од школска возраст .Проектот започна со имплементација од 1ви Октомври 2020 и ќе трае до 10 ти Јуни 2021 година заклучно со завршувањето на учебната година.

**Временска рамка**: *8 месеци*
**Вкупен буџет***: 345.600,00 од УНДП и 374.400,00 од општина Охрид-Програма N1*

2. ***Субвенционирање на трошици за комунални услуги*** *со вкупен износ од 900, 00 денари месечно за секој корисник на субвенцијата*

   Тековно субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓани кои се изложени на социјален ризик.
   Вкупниот износ на субвенцијата изнесува 900,00 денари за секој корисник (вода до 420 денари, отпад до 200 денари, отпадни атмосферски води до 200 денари, гробарина до 80 денари).
   Опфатени се лица кои се корисници на социјална помош, корисници на постојана парична помош, невработени лица и лица кои имаат инвалидитет или тешка болест.
   **Временска рамка**: Во текот на целата година
   **Вкупен буџет**: 1.500.000,00 денари од Програма АО

3. ***Дневен центар за лица со интелектуална попреченост***

   Општина Охрид континуирано работи во насока да му помогне на лицата со попреченост. Постојат два(2) дневни центри на територијата на општина Охрид. Едниот е сместен во основното училиште Братство Единство, дневниот центар „Зраци” кој згрижува секојдневно околу 15 лица со попреченост и Дневниот центар во црквата св.Горгија кој згрижува исто околку 15 лица со попреченост. Согласно целите и активностите на дневните центри,ќе му се помогне со цел овозможување на секојдневните активности како материјални трошоци,подмирување на трошоци за превоз за еднодневни екскурзии и други тековни секојдневни потреби. На Дневниот центар „Зраци“ според нацрт програмата предвидени се средства за хонорарно ангажирање на две лица кои секојдневно работат со лицата со попреченост од 8.00 до 16.00 часот.

   **Временска рамка**: Во текот на целата година
   **Вкупен буџет**: 800.000 денари од Програмата за социјална заштита (720.000,00 денари за Дневниот центар „Зраци” и 80.000,00 денари за Дневниот центар во црквата св Горгија од Програма Т1

4. ***Согласно Програмата за социјална и унапредување на здравствената заштита за реализирање на проекти.***
   Невладина организација „Ретко е да си редок’’ реализирање на проект „Ги запознаваме ретките болести’’ со цел преку кампања подигнување на свеста за постоењето на ретките болести. Поради недоволно информираност и третман на ретките болести ќе се спроведе кампања за подигнување на јавната свест преку изработка на текстуални материјали, видео и аудио записи со цел да се запознаат граѓаните со ретките дијагнози од кои заболуваат најчесто помладите генерации.
   **Временска рамка**: Во текот на целата година

   **Вкупен буџет**: 300.000 денари од Програмата за социјална заштита и унапредување на здравствената заштита од Програма Т1

5. ***Општински проект Персонална асистенција за лица кои имаат потешка или најтешка физичка попреченост***. Проектот ќе се реализира по примерот кој го

спроведуваше Министерството за труд и социјална политика, а кој подразбира ангажирање на лични асистенти за лица кои се со тешка нарушена мобилност кои ќе му помагаат на лицата во домашни услови, и ќе бидат како поддршка и на засегнатите лица и на нивните семејства.
Согласно предвидениот проект во програмата за социјална заштита, се започна со имплементација на активностите. Активностите ќе се реализираат во соработка со Црвен крст и Министерство за труд и социјална политика. Подготвена е детелна програма за имплементација на активностите и доставена е за одобрување до Министерство за труд и социјална политика. Исто, подготвен е Меморандум за соработка помеѓу општина Охрид и Црвен Крст за заедничко имплементирање на активностите.Со самото одобрување од Министерство за труд и социјална политика се започнува
**Временска рамка**: Во текот на целата година

**Вкупен буџет**: 1.300.000 денари

***Вкупен буџет Општина Охрид:4.324.400,00 денари***
***Вкупен буџет донации: 345.600,00 денари***
***ВКУПНО: 4.670.000,00 денари***

**Број 08-8751/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 30.06.2021 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/117** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/21** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Живка Ангелоска,с.р.**

**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програмата за спорт и рекреација**
**2021 год.**
**Периодод 01.01 до 30.06.2021**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Во овој период се преземаат и активности за ставање во функција на фудбалскиот терен во поранешна касарна,како и изградба и реконструкција на други спортско и забавни содржини со што би се овозможило за спортистите,рекреативците и најмладите уште еден спортско рекреативен центар во општина Охрид.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката на Сојузот на училишен спорт е од особено значење за учество во училишните лиги во повеќе спортови,но поради пандемијата од Ковид 19 и во овој период лигите во мали спортови не се одржаа.

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта таму каде ги нема .

Во извештајниов период се вршеше субвенционирање на трошоците за користење на спортски терени на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид.Субвенции ќе користат:ГРК„Охрид“,РК„Лихнид“,„КК„Колибри“,КБ„ГолденТим“ДООЕЛ„„ГФК„Охрид Лихнидос“,ЖФК„Билјанини Извори“,ОФС Охрид,ФК„ОСК Фер Плеј“, ФК „ЛА МАСИА“,

,ФК„Еврофудбал 2 Вардар“, ФК „Охрид Топ Тим“ , КК „Чоле“ ,АК „Охрид“,АК „Охрид Трчат“ ТК „Охрид“,ПК „ Охридски Бранови “ Охрид ,ГКК„Охрид“ Охрид,Теквондо клуб Хваранг.
Во соработка со владата на Р.С Македнија,институтот за јавно здравје како и Агенцијата за млади и спорт на 10 ти мај се одбележа светскиот ден на физичка активност.Во организацијата беа вклучени Сојузот заучилишен спорт Охрид како и неколку клубови во поединечни спортови од општина Охрид,боксерскиот клуб Алексо Огненовски,теквондо клуб Хварнг ИТФ Лескоец,карате клуб Чоле,Охрид трчаТ детска атлетика,аеробик Кате,скејтери,планинарите Дејан Ангелоски и Мишко Танески,како и голем број рекреативци и ученици од основните и средните училишта.Настанот се одвиваше на Кеј Македонија согласно Ковид протоколи денесни од министерството за здраство.
Во овој период продолжи соработката со МОК и АМС за вложување во спортската инфраструктура во општина Охрид и активностите насочени кон подобрување на спортот во Општината Охрид .
Извршен е прием на олимпискиот кандидат во атлетика Јован Стојоски кој е државен првак и рекордер во дисциплините на 100,200 и 400 метри кој во иднина ќе има финансиска поддршка од Општина Охрид во неговите понатамошни активности.

Општината Охрид во рамките на своите можности а согласно Буџетската програма ЛО Спорт и рекреација за 2021 г. издвои средства во висина од **18.590.000,00**денари, адокрајот на извештајниот период потрошени се **13.307.508,00** денари за реализација на следните активности:

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“

**КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР*
Средства во висина од **2.402.508,00**денари

**КОНТО 463120***ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ*
Средства во висина од **10.790.000,00** денари и тоа:

| | |
|---|---|
| ГРК „Охрид“АД Охрид | 4.600.000,00 |
| ГКК„Охрид“ Охрид | 900.000,00 |
| ГФК„Лихнидос“ Охрид | 2.500.000,00 |
| ФК„Воска Спорт“ Охрид | 1.250.000,00 |
| ТК„Адвантико“ Охрид | 80.000,00 |
| ШК„Ласкер“ Охрид | 90.000,00 |
| БК„Алексо Огненовски“ Охрид | 250.000,00 |
| ККК„Стрмец“ Охрид | 120.000,00 |
| РД„Св.Апостол Павле“ Охрид | 60.000,00 |

| | |
|---|---|
| ФК„Ла Масиа“ Охрид | 30.000,00 |
| ФК„Некст Левел“ Охрид | 30.000,00 |
| ФК„Фер Плеј“ Охрид | 30.000,00 |
| ФК„Евро Фудбал“ Охрид | 30.000,00 |
| СК„Лихнидос“ Охрид<br><br>СК„Охрид“ Охрид | 60.000,00<br><br>80.000,00 |
| АК„Охрид Трчат“ Охрид | 300.000,00 |
| АК„Охрид“ Охрид | 200.000,00 |
| „Планинско Лудило“ | 100.000,00 |
| НЦ„Амфора“ Охрид | 80.000,00 |

**КОНТО 464990**ДРУГИ ТРАНСФЕРИ
Средства во висина од **115.000,00** денари и тоа:

| | |
|---|---|
| Дејан Ангелоски | 50.000,00 |
| Ива Кецкарова | 25.000,00 |
| Јован Стојоски | 40.000,00 |
| | |
| | |

**ПРОГРАМА ЛА**
**КОНТО 482930** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ
Не се користени средства од оваа пригрaма.
Во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година потрошени се **13.307.508,00** денар
**ГРК „Охрид“ – Охрид**
Континуирана подршка на најуспешниот клуб во градот,во сколоп на клубот работат пионерско младинските школи кој се натпреваруваат во соодветните лиги.
**ГКК „Охрид“ – Охрид**
После оснивањето на клубот имаше одличен настап во втората лига,со континуитет и голем интерес за младинската школа како и формирање на женска кошаркарска школа.
**ГФК „Охрид Лихнидос“ – Охрид**

Еден од поголемите успеси на фудбалскиот клуб во последниве неколку години со одличен настап во втората лига и настап во бараж за прва лига,во склоп на клубот функционираат пионерско младински школи во 3 генерации.

**ФК „Воска Спорт“ – Охрид**

Успех на тротолигашот со влез во Втората Македонска Фудбалска лига,санација на просториите и терените на спортскиот центар Грашница,како и работа со пионерско младински школи во склоп на клубот.

**ТК „Адвантико“ – Охрид**

Тековно одржување на клубот,школа за тенис.

**ШК „Ласкер“ – Охрид**

Развој на шаховскиот спорт,учество на домашни и мегународни турнири,работа со млади таленти.

**БК„Алексо Огненовски“ Охрид**

Реконструкција на просториите,учество на Европско и Балканско првенство.

**ККК „Стрмец“ – Охрид**

Осовремување и набавка на нова опрема и кајаци, како и континуирана работа на клубот со нови и постојани членови.

**РД„Св.Апостол Павле“ Охрид**

Учества на државни натпревари и организација на риболовен натпревар во Охрид.

**ФК „Ла Масиа“ – Охрид**

Учества на меѓународни турнири за младите фудбалски надежи на Охрид.

**ФК„Некст Левел“ Охрид**

Учества на меѓународни турнири за младите фудбалски надежи на Охрид.

**ФК„Фер Плеј“ Охрид**

Учества на меѓународни турнири за младите фудбалски надежи на Охрид.

**ФК„Евро Фудбал“ Охрид**

Учества на меѓународни турнири за младите фудбалски надежи на Охрид.

**СК „Лихнидос“ – Охрид**

Развој на женското стрелаштво во Охрид.

**СК „Охрид“ – Охрид**

Учества на државни натпревари во стрелаштво.

**АК „Охрид Трчат“ – Охрид**

Јубилејно 5-то издание на Охрид Трчат ранинг викендот со интернационално реноме,оваа година со 1000 учесници согласно Ковид протоколите.На овогодинешното издание имаше учесници од 16 земји.

**АК „Охрид“ – Охрид**

Ризница на врвни спортисти,учество на Оломписките игри,одржување на традиционалниот меморијал Влатко Димитров.

**„Планинско Лудило“ – Охрид**

Запознавање на планината Галичица,еко туризам,еколошки акции,едукации и забава,искачување на врв магаро со учество од неколку стотици планинари од земјава и околните држави,како и организација на велосипедска тура околу езерото.

**НК „Амфора“ – Охрид**

Подводни активности,школа за нуркање,традиционално чистење на крајбрежјето на Охридското езеро.

**Дејан Ангелоски**

Шампион на Македонија во планинско трчање,атлетичар на А.К.„Охрид“ Охрид,шесто место во севкупен пласман на Скај Ранинг Светско Првенство во Шпанија.

**Ива Кецкарова**

Млада надежна тенисерка,во нејзина категорија редовно во првите три во државата,учество на мегународни турнири.

**Јован Стојоски**

Атлетичар на А.К.„Охрид“,шампион на Македонија,учесник на Олимписките игри Токио 2020.

**Број 08-8751/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021год.** **Претседател**
**Ох р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/118** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/23**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО***
***ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА***

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2021 – 30.06.2021 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање 2021 г.**

Оваа година поради пандемијата предизвикана од корона вирусот беше изоставена традиционалната културно-верска манифестација „Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.

Предвидените финансиски средства беа наменети за децата од социјално загрозените семејства. На плоштадот “Св.Климент Охридски“ каде беше поставена макетата со Божиќната пештера, беше поставена и кутија во која децата од основните училишта испраќаа пораки со желби за добро здравје на сите болни лица од ковид 19.

Исто така храна во вид на вода, сокови и овошје беа доделени во ковид центрите во Охридската болница.

- **Богојавление – Водици 2021**

Поради пандемијата од КОВИД 19, годинава не беше организирано традиционалното фрлање на Светиот крст во водите на Охридското Езеро од градското пристаниште во Охрид.

Со одлука на Дебарско-кичевската епархија, на 19-ти јануари, празникот Богојавление – Водици беше одбележан само во црковните храмови со осветување на вода во која беше извршен богојавленскиот водоствет. Предвидените финансиски средства за оваа манифестација беа наменети за социјални пакети на лицата од социјално –загрозени семејства.

Исто така дел од средствата предвидени за богојавленската прослава, оваа година беа наменети за креирање на новата веб страница www.bogojavlenie-ohrid.mk , на која се поместени низа содржини за прослава на празникот Богојавление-Водици во Охрид.

- **„Прличеви беседи“ 2021 година**

На годинашните „ Прличеви беседи што ги организираа Општина Охрид, националните установи Центар за култура, Библиотека и основното училиште што го носат името на великиот Григор Прличев и Друштвото на писателите на Македонија се одржаа бројни настани со кои се чествуваше ликот и делото на ловороносецот Григор Прличев.

Манифестацијата започна со одбележувањето на патрониот празник на ООУ „Григор Прличев“, каде беше положен ловоров венец на бистата на поетот што се наоаѓа во дворот на училиштето, а потоа на неговиот гроб, што се наоѓа во дворот на црквата „Св. Богородица-Перивлепта“ беше положено свежо цвеќе и се одржа панахида во чест на Прличев.

За ликот и делото на ловороносецот, пред неговото спомен- обележје, беседа одржа, Мерсиха Исмајловска член на Друштвото на писателите на Македонија.

Во рамките на свечаностите беше промовирана книгата „За Прличев и неговиот XIX век“ од д-р Вера Стојчевска- Антиќ. За книгата зборуваа промоторот проф. д-р Димитар Пандев и приредувачот м-р Милчо Јованоски.

Издавачи на книгата се Министерството за култура, Општина Охрид и НУ Библиотека „Григор Прличев“.

- **Одбележана годишнината од смртта на охридскиот гемиџија Марко Бошњаков**

Делегација од Општина Охрид предводена од заменик градоначалникот Ристо Николески, претставници од Подрачната единица на историскиот архив како и претставници од политичкиот и јавниот живот во Охрид, денес пред спомен плочата на Марко Бошњаков во непосредна близина на неговата родна куќа во старото градско јадро, положија цвеќе по **повод одбележување на годишнината од неговата смрт.**

- Во соработка со Општина Другово, ОУ“Христо Узунов”, Здружението на граѓани “Христо Узунов”,Македонската православна црква беше одбележана годишнината од херојската погибија на војводата **Христо Узунов.**

- Со полагање свежо – цвеќе пред споменикот на сесловенските просветители, Светите браќа Кирил и Методиј беше одбележан **24-ти Мај – Денот на сесловенските просветители.**

- Поради Ковид пандемијата и оваа година не се одржа традиционалната манифестација **„Ифтарска вечер“** по повод верскиот празник Рамазан Бајрам.

Предвидените финансиски средства беа пренаменети за обезбедување храна за социјално – загрозените семејства.

- Оваа година во НУЦК Григор Прличев, со поддршка на Општина Охрид се одржа манифестацијата „ Денови на Македонската фотографија“ што ја организира „Фото сојузот на Македонија“ кој што годинава одбележува 75 години од постоењето.

- На летната сцена „Долни Сарај“ по четврти пат се одржа Интернационалниот фестивал „Денови на Балканската култура, традиција и уметност во Охрид“ поддржан од општината Охрид и Амбасадата на Бугарија во Република Македонија.

- Медиумско потсетување на **15 - годишнината од охридскиот и светски уметник Вангел Наумоски.**

- Во издание на општина Охрид, во јуни од печат излезе **„**Книга за Чинго“ , што ја приредија Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски. Во ова капитално дело поместени се бројни прилози на еминентни имиња, низ кои читателот на едно место може да се запознае со величината на делото на Живко Чинго.

На 357 страници се поместени научни трудови, есеи, записи, спомени, осврти и други жанрови низ кои се претставуваат вредностите на делата на еден од бардовите на современата македонска литература.

Најновото издание на општина Охрид „Книга за Чинго“ ќе биде промовирано на годинашната културна манифестација „ Вечер на Чинго“.

- **Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.06.2021 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **1.340.722, оо денари,** од кои :

- **60.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „**Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање”.** Предвидените финансиски средства беа наменети за децата од социјално загрозените семејства и за медицинскиот персонал во ЈЗУ Општа болница – Охрид.
- **250.000,**оо денари се исплатени на МПЦ –Охрид од предвидените 500.000,оо ден за **„Богојавление – Водици“**

Предвидените финансиски средства за оваа манифестација беа наменети за социјални пакети на лицата од социјално –загрозени семејства.

- **150.000,оо денари** се исплатени на Здружението на еѓипќани, „Пирамида“ – Зем, за поддршка на Програмските активности во 2021 година.
- **30.000,оо денари** се исплатени на „Мега продукција“ за реализација на проектот Видео – промоција на Охрид од познатиот музичар, Никола Ристески (Никола Тони).

- **15.000,оо** денари се исплатени на НУ Библиотека “Григор Прличев” наменети за поддршка на програмските активности во годинешното издание на културната манифестација**”Прличеви беседи**”;

- **15.000,оо денари** се исплатени на НУЦК **” Григор Прличев “**наменети за поддршка на програмските активности во годинешното издание на културната манифестација **“Прличеви беседи”;**

- **250.000,оо денари** се исплатени на Македонската православна црква- преостанат дел од предвидените 500.000,оо ден.

- **35.000,оо денари** се исплатени на НУ Библиотека „Григор Прличев“за поддршка во издавањето на монографијата под наслов: „Хроника на еден културен настан 2“

- **150.000,оо денари** се исплатени на Исламската верска заедница за традиционалната Ифтарска вечер по повод празникот Рамазан Бајрам.

Предвидените финансиски средства беа пренаменети за обезбедување храна за социјално – загрозените семејства

- **60.000,оо денари** се исплатени на НУЦК „Григор Прличев“ за поддршка на Охридскиот народен театар;

- **10.000,оо денари се** исплатени на Пере Ристески за поддршка во издавањето на книгата со хаику поезија под наслов: „Молчат ли камбаните“;

- **60.000,оо денари** се исплатени на Џеват Рамаданоски за неговиот проект под наслов: „Рамаданоски – музичка приказна“;

- **50.000,оо денари** се исплатени на ОО на Сојузот на борци за нивните програмски активности за 2021 година.

- **10.000,оо денари** се исплатени на КУД „Ѓердан“ наменети за поддршка во одбележувањето на 24-ти Мај – Денот на сесловенските просветители, светите браќа Св. Кирил и Методиј во Домот на култура во Кошишта;

- **15.000,оо денари** се исплатени на Ана Рувинова за поддршка во издавањето на книгата под наслов: „Диви Води“;

- **10.000,оо денари** се исплатени на Андреја Митески за поддршка во организирањето на традиционалниот културен настан по повод 24-ти Мај – Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, во предворјето на црквата Св. Софија;

- **80.000,оо денари** се исплатени на „Акрис“ Индепендент студио Дооел за поддршка на проектот за снимање на документарниот филм за боксот во Охрид;

- **30.000,оо денари** се исплатени на проф.д-р Вера Стојческа Антиќ за поддршка во издавањето на книгата под наслов: „Охрид – Отворен хоризонт“;

- **600, оо денари** се исплатени на НУБ „Св. Климент Охридски„ за издавање на ЦИП - запис за книгата за Живко Чинго;

- **11.082,оо денари** се исплатени на Македонска авторска агенција за техничко уредување на книгата за Живко Чинго;

- **42.000,оо денари** се исплатени на Графоден Дооел – Скопје за печатење на книгата за Живко Чинго во тираж од 300 примероци

- **7.040,оо** денари се исплатени за техничка опрема (озвучување) за осветлување на општинската зграда по повод Светскиот ден на лицата со ретки болести.

*Процентот на реализација на програмата за култура до 30.06.2021 година изнесува 24 %.*

**Број 08-8751/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/119** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14,10/19 и 15/20) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/25**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Преку програмата за работа со млади и невладини организации општина Охрид директно влијае во сферата на интерес и потребите на младата популација и признавање на улогата на младите во развојот на градот како позитивна движечка сила која е носител на развојот на градот Охрид и промотор на новите вредности на општеството и државата.

Од друга страна за општина Охрид значаен е придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во развојот на општеството. Интенцијата на општина Охрид се движи во правец на вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките. Планирано е општина Охрид преку спроведувањето на оваа програма да воспостави партнерски однос и поделба на задачите со претставниците на граѓанскиот сектор во сегменти каде општината ќе има потреба а претставниците на невладините организации ќе имаат капацитет соодветно да одговорат на потребата. Секако во сите овие процеси општина Охрид силно ја почитува независноста и слободниот пристап на овој сектор при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од тука произлегува и основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид. Да биде главна контактна точка помеѓу потребите на младите, невладините организации и општина Охрид. Главната задача на вработените во ова одделение ќе биде преку остварување на активностите предвидени во оваа програма да овозможат: подобрување на положбата на младите во општеството, вмрежување и претставување на младите од Охрид на регионално, национално и меѓународно ниво, учество и вклучување во креирањето на младинските политики, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

Спроведувањето на програмата се одвива преку два клучни сегменти и тоа:

1. Поддршка на млади и младински политики
2. Поддршка на невладини организации

Силна поддршка за младите луѓе од 15 до 29 години кои живеат на територијата на општина Охрид е врвен приортет на локалната самоуправа.

Соработката со граѓанскиот сектор е еден од клучните постулати на работата на општина Охрид. Отворено, транспарентно секогаш почитувајќи ја нивната независност и самостојност во носењето на одлуките ќе се трудиме реализирајќи ги активностите од оваа програма да градиме партнерски однос базиран на взаемна доверба и почитување. Тоа секако ќе придонесе општина Охрид користејќи ги услугите на граѓанскиот сектор да испорачува поквалитетни услуги кон своите граѓани.

**Реализирани активности (01.01 - 30.06.2021)**

- **Јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2021 година**

По влегување во сила на буџетот на општина Охрид за 2021 година на 26.01.2020 година е објавен јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2021 година. За потребите на огласот е изготвен и донесен правилник за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид како и апликационен формулар односно пријава која заинтересираните субјекти треба да ја пополнат. Формирана е и комисија за отварање, разгледување и одлучување по пристигнатите програми и проекти како и проверка на финансиските и наративните извештаи по објавениот јавен повик. Согласно програмата за оваа намена се предвидени 1.000.000,00 денари кои претставуваат 43,9 % од вкупните средства предвидени во целата програма за 2021 година. Јавниот повик траеше триесет дена од денот на објавувањето и на него пристигнаа 25 апликации. Комисијата за отворање, разгледување и одлучување по пристигнатите програми и проекти пристипи кон евалуација на пристигнатите пријави по однос на јавниот повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2021 година. Од извршената евалуација на пристигнатите апликации беше предложено до Градоначалникот финансиски да поддржи проектни активности на вкупно 12 апликанти од областа социјала, во вкупен износ од 1.000.000,00 денари. Градоначалникот донесе Решение за распределба на средства бр. 09-702/12 од 19.04.2021 година

**Општина Охрид**

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 09-702/12
18.04 2021 год.
ОХРИД

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Охрид (Сл. гласник на Општина Охрид бр. 8/07 и 1/08)и Јавниот повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2021 одина, број 09-702/2 од 26.01.2021 година, Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. Од буџетот на општина Охрид за 2021 година се врши распределба на средства како што следува во табеларниот преглед:

| Реден број | Апликант | Област | Назив на проектот | Одобрени средства (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Здружение на граѓани за еднаква застапеност на лица со посебни потреби во медиумите СОС Балкан Медиа - Охрид | социјала | „И ние можеме„ | 150.000,00 |
| 2. | Здружение на пензионерите на општините Охрид и Дебрца | социјала | „Селекција, подготовка и учество на пензионери, спортисти во машка и женска конкуренција на регионални и 25 ти републички спортски натпревари во 2021 година„ | 60.000,00 |
| 3. | В.О.П.С. Поддршка – Охрид | социјала | Мапирање на проблемите и потребите на децата/лицата со ПОП и нивните семејства во општина Охрид„ | 90.000,00 |
| 4. | Здружение на балканските египќани во Република Македонија Охрид | социјала | „Охрид за тебе„ | 40.000,00 |
| 5. | Здружение за мултикултурна интеграција „Инклузија„ Охрид | социјала | „Претприемништво,економски развој, партнерство – Време да дејствуваме за социјална инклузија„ | 90.000,00 |
| 6. | Здружение на родители со | социјала | „Простор и активности на деца со посебни | 80.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | посебни потреби „Тајните на моето срце„ Охрид | | потреби„ | |
| 7. | Здружение на глуви и наглуви лица | социјала | „Активности на здружението на глуви и наглуви за социјализација во локалната самоуправа„ | 40.000,00 |
| 8. | Здружение на слепи лица Охрид | социјала | „Активности со слепите лица од областа на спортот,културата, рекреацијата | 90.000,00 |
| 9. | Здружение за лица со телесен инвалидитет од Охрид и Дебрца „Мобилност„ Охрид | социјала | „Програма за работа на здружението на лица со телесен инвалидитет од Охрид и Дебрца „Мобилност 1988„ за 2021 година„ | 50.000,00 |
| 10. | ТРД ТВМ ДООЕЛ Охрид | социјала | „Информација за секого без предрасуди„ | 150.000,00 |
| 11. | Здружение за грижа и воспитување на децата | социјала | „Пилотирање на системот за донирање на вишок храна„ | 120.000,00 |
| 12. | Здружение за културно-уметнички вредности „ТАКТУС„ Охрид | социјала | „Пробај уметност„ | 40.000,00 |
| | | | ВКУПНО: | 1.000.000,00 |

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето;
3. Примерок од решението да се достави до Сектор за финансиски прашања, Одделение за млади и невладини организации и Архива;

Правна поука:Против решението може да се поднесе приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето за извршениот избор.Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Константин Георгиески**

Врз основа на решението склучени се договори со сите апликанти и почната е имплементацијата на предвидените активности во рамки на проектната апликација.

**Локален младински совет и Локално собрание на млади на општина Охрид**

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Служен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година, се наметнува потреба од формирање на Локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание.

Целтта на реализација на оваа активност е инволвирање на младите во спроведување на политиките и креирање на младинските програми. Тоа е можно единствено преку институционализирање во тело кое формално правно ќе ги претставува младите.

Со формирањето на Локалниот совет на млади се споделуваат обврските помеѓу општината и младинските активисти на начин што се гради партнерски однос помеѓу нив со цел подобрување на условите за живот на младите луѓе на територијата на општина Охрид.

Согласно законската регулатива, Општина Охрид како единица на локалната самоуправа води активна политика на обезбедување услови и превземање системски активности за поддршка на младите и следење на нивните потреби.

Оваа обврска за општина Охрид произлегува од Законот за младинско учество и младински политики објавен во Службен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година. Според истиот закон Советот на општина Охрид финално ја верииицира одлуката на Локалното собрание на млади на општина Охрид за изор на членови во Локалниот младински совет со што практично процесот завршува.

Согласно тоа, Советот на општина Охрид на седницата оддржана 04.12.2020 донесе статутарна одлука за дополнување на Статутот на општина Охрид со која се додадени два нови члена 73 и 74 каде се предвидува како посебно тело да се формира локалниот младински совет и локалното младинско собрание на општина Охрид.

1. **Иницијативен одбор за свикување на конститутивната седница на Локално собрание на млади на општина Охрид**

За конституирање на локалното собрание за млади се свикува иницијативен одбор, составен членови кои ги исполнуваат условите да членуваат во собранието на млади.

Иницијативниот одбор со решение го формира Претседателот на Советот на општина Охрид.

Иницијативниот одбор е составен од пет члена и тоа: по еден член од подмладоците на најголемите политички партии партии на власт и опозиција застапени во Советот на општина Охрид и три члена од локалните младински организации; Членовите од локалните младински организации се избираат по претходно објавен јавен оглас од страна на претседателот на Советот на општина Охрид.

Иницијативниот одбор се формира само за оддржување на конститутивната седница на локалното собрание на млади. Со конститутивното собрание претседава најстариот член на иницијативниот одбор кој доаѓа од редот на младинските организации.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание на млади во кој јасно е наведен датумот, местото и часот на оддржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади.

Критериуми кои треба да ги исполнуваат младите лица кои имаат желба и интерес да се вклучат во иницијативниот одбор:

- **Да се жители на општина Охрид**
- **Да бидат на возраст од 15-29 години;**
- **Да се креативни и поседуваат искуство во областа: работа со млади и младински организации;**

На јавниот повик за членови на иницијативен одбор за организација и оддржување на локално младинско собрание на општина Охрид (https://ohrid.gov.mk/15776-2/) објавен од страна на Претседателот на Советот на општина Охрид се пријавија вкупно 8 кандидати. Претседателот на Совет донесе решение за формирање иницијативен одбор број 08-3609/1 од 13.04.2021 година со кое се формира иницијативен одбор за организација и оддржување на Локално младинско собрание на општина Охрид. Иницијативниот одбор ќе работи во следниот состав:

- **Јован Цветкоски – Претседател ( Претставник на ЗГ НАТГ„Аматер„ – Охрид;**
- **Теа Петковска – Член (Претставник на ЗГ Акцијашки клуб „Брег на младоста„ – Охрид;**
- **Димитар Поп-Стефанија – Член (Претставник на ЕК „Пират„- Охрид);**
- **Даниела Букреска – Член (Претставник на политичка партија СДСМ – Охрид)**
- **Александар Здравевски – Член (Претставник на политичка партија ВМРО ДПМНЕ – Охрид)**

**2. Локално собрание на млади на општина Охрид**

Локалното младинско собрание го сочинуваат: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Охрид.

Иницијативниот одбор распиша повик за конститутивното локално собрание на млади (https://ohrid.gov.mk/%d0%be%d0%b1%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%bd%d0%be-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%81%d1%82%d0%b8%d1%82%d1%83%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%bd/) на кој свои апликации поднесоја 14 организации од кои 13 беа уредни и верификувани од членовите на локалното сорание на млади. Според тоа локалното собрание на млади го сочинуваат следните организации:

**ДЕЛЕГАТИ И ЗАМЕНИЦИ ДЕЛЕГАТИ НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ОХРИД**

| Реден број | Име и презиме | Својство | Облик на младинско здружување |
|---|---|---|---|
| 1. | Верица Тодоровска | делегат | Здружение Извиднички одред ПИОНЕР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Николче Костоски | зам. делегат | Здружение Извиднички одред ПИОНЕР |
| 3. | Елена Ристеска | делегат | ЗГ „Инклузија„ - Охрид |
| 4. | Мухамед Максуд | зам. делегат | ЗГ „Инклузија„ - Охрид |
| 5. | Георги Ставрески | делегат | ОО „Црвен крст„ – Охрид |
| 6. | Анастасија Стојаноска | зам. делегат | ОО „Црвен крст„ – Охрид |
| 7. | Јован Цветкоски | делегат | ЗГ НАТГ „Аматер„ - Охрид |
| 8. | Леа Новеска | зам.делегат | ЗГ НАТГ „Аматер„ - Охрид |
| 9. | Сердар Калем | делегат | Младинска унија на Демократска партија на Турците во Македонија (ДПТМ) Охрид |
| 10. | Сехер Ибрахим | зам. делегат | Младинска унија на Демократска партија на Турците во Македонија (ДПТМ) Охрид |
| 11. | Александар Здравевски | делегат | УМС ВМРО ДПМНЕ Охрид |
| 12. | Александар Стојаноски | зам.делегат | УМС ВМРО ДПМНЕ Охрид |
| 13. | Теа Петковска | делегат | ЗГ „Брег на младоста„ Охрид |
| 14. | Игор Јосифоски | зам.делегат | ЗГ „Брег на младоста„ Охрид |
| 15.. | Димитар Поп-Стефанија | делегат | ЗГ ЕК „Пират„ Охрид |
| 16. | Синиша Алемпиевиќ | зам. делегат | ЗГ ЕК „Пират„ Охрид |
| 17. | Дарко Љубиновски | делегат | ЗГ Про Баскет Јуниор Охрид |
| 18. | Анастасија Гоџо | зам. делегат | ЗГ Про Баскет Јуниор Охрид |
| 19. | Климент Калачоски | делегат | ЗГ „СВЕТИ НАУМ 2019„ с. Велгошти |
| 20. | Влатко Балески | зам. делегат | ЗГ „СВЕТИ НАУМ 2019„ с. Велгошти |
| 21. | Јована Ристеска | делегат | СОСУ „Св. Кирил и Методиј„ (училишна заедница) - Охрид |
| 22. | Андреј Пуфтоски | зам. делегат | СОСУ „Св. Кирил и Методиј„ (училишна заедница) - Охрид |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23. | Емилија Несторовска | делегат | СДММ – Охрид |
| 24. | Елеонора Блажеска | зам. делегат | СДММ – Охрид |
| 25. | Орхан Демироски | делегат | ЗГ „Пирамида ЗЕМ„ Охрид |
| 26. | Насер Ибраим | зам.делегат | ЗГ „Пирамида ЗЕМ„ Охрид |

**3. Локален младински совет на општина Охрид**

Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во општината од делокругот на младински прашања и политики.

Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

- Предлагаат точки на дневниот ред на Советот на општината кои ги засегаат младите;
- Иницираат прашања за млади од делокругот на работа на општината;
- Иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- Доставуваат информации до општина Охрид за прашања кои се однесуваат на младите; и
- Вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики;

Бројот на членови на младинскиот совет на општина Охрид изнесува 7 од кои најмалку 40 % припаѓаат на помалку застапениот пол.

Членовите на локалниот младински совет на општина Охрид имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Изборот на членови на младинскиот совет на општина Охрид го прави локално собрание на млади.

Локалното собрание на млади објавува јавен повик за членови на локалниот младински совет.

Јавниот повик се објавува на веб страната на општина Охрид и во локалните медиуми.

Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за застапеноста на помалку застапениот пол.

Членовите на локалниот младински совет на општина Охрид се верификуваат од страна на Советот на општината по добиена одлука за избор од страна на Собранието на млади.

Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик – претседател.

Согласно објавениот јавен повик:

(https://ohrid.gov.mk/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d1%87%d0%bb%d0%b5%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8-%d0%b2%d0%be-

%d0%bb%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d0%be%d1%82-%d0%bc%d0%bb/0 се пријавија вкупно 14 апликанти од кои 12 апликации беа уредни. Локалното собрание на млади на седницата оддржана на ден 12.05.2021 година со тајно гласање за членови на Локалниот совет на млади на општина Охрид ги изгласа:

- **Јован Цветкоски - претседател**
- **Теа Петковска – зам. претседател**
- **Георги Ставрески**
- **Верица Тодоровска**
- **Александар Здравевски**
- **Емилија Несторовска**
- **Димитар Поп-Стефанија**

4. **Одлука за верификација на изборот на членови на Локалниот младински совет на општина Охрид**

Врз основа на член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики како и врз основа на член 73 став 11 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид донесе одлука за верификација на одлуката за избор на членови во локалниот младински совет донесена од страна на Локалното собрание на млади на општина Охрид, број 08-4752/1 од 12.05.2021. На првата седница на локалниот младински совет која се оддржа на ден 04.06.2021 година, за Претседател на Советот е избран **Јован Цветкоски** а за заменик претседател на локалниот младински совет на општина Охрид е израна **Теа Петковска**.

- **Службеник за млади**

Врз основа на член 23 од Законот за младинско учество и младински политики како и согласно заклучокот од 57 та седница на Владата донесен на 23 март 2021 година за назначување на лице одговорно за работењето на канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во рамки на општина Охрид, од страна на Градоначалникот на општина Охрид со решение бр. 09-5145/1 од 20.05.2021 година е назначен вработениот во рамки на одделението за млади и невладини организации на општина Охрид:

1. **Петар Бакалов**

**Број 08-8751/23**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021-2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06. 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2021-2023 година за периодот од 01.04. до 30.06. 2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/120**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021-2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2021-2023 година, за периодот од 01.04. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/27**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 Г**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021-2023**

Во текот на **првото полугодие** на 2021 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2020-2022. Дел од нив се комплетираат за согласност во Министерството за транспот и врски, дел се во фаза на изработка, а дел сè уште не се отпочнати со работа.

| **I-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на град Охрид,за УЗ 2- УБ 2.2,2.4;<br>УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2;<br>УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ17.1; | |
| | ▪ **Се постапува по забелешки од неиздавање на согласност** | |

| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот** | |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј (Ривиера) | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот**<br>▪ **Нов анекс на заштитно - конзерваторски основи** | |
| **3** | **Урбан Блок 4.3** | |
| 3.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | |
| | **Потпишана Планска програма** | |
| **4** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 4.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | |
| | ▪ **Негативно мислење од Комисија за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, доставен до планер за постапување**<br>▪ **Следи повторена јавна анкета** | |
| **5** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | |
| | ▪ **Нема одобрена планска** | |
| **6** | **Урбан Блок 5.3** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно новата законска регулатива** | |
| **7** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **на ГУП** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 8.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма** | |
| **9** | **Урбан блок 10.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 2 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената на ГУП** | |
| **10** | **Урбан блок 12.4** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Чека мислењеод ЕВН** | |
| **11** | **Урбан блок 14.2** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Изработка на нацрт - план** | |
| **12** | **Урбан блок 15.1** | |
| 12.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | |
| | ▪ **Негативно мислење од Министерството за образование** | |
| **13** | **Урбан блок 15.4** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | |
| | ▪ **Негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |
| **14** | **Урбан блок 16.3** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |
| | ▪ | |

| **I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - УРБАНИ КОМПЛЕКСИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7 - "Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9- "Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 – "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - "Св.Богородица Перивлепта" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14 - "Чаршија" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс16 - "Чинар" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 18 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супра структура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Д.Лакочереј- вон град | |
| | ▪ **Се чека финален извештај од стратегиска отцена за влијание на животната средина** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | УП за село Велестово | |
| | ▪ **Изработени ажурирании подлоги** | |
| **2** | УП за село Пештани | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион и неиздадена** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **согласност од МТВ** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-6. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНА ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Долно Лакочереј – вон град | |
| | ▪ **Кај планер за изработка на ЛУПД** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-7. ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | **Проект за инфраструктура за потреби на општината** | |
| 1.1 | ПИ за локален пат од с.Свиништа до црква Св. Богородица во село Свиништ, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај планер за постапување по забелешки** | |
| 1.2 | ПИ за поставување на телекомуникациски столб и телеком/електро кабел ОХР3073 Пештани ГФ | |
| | ▪ **Кај планер за постапување по забелешки** | |
| 1.3 | ПИ за линиска инфраструктурна градба за изградба на оптичка телекомуникациска инфраструктура- ФТТХ Охрид 3.3, општина Охрид | |
| | ▪ **Заршена постапка** | |
| 1.4 | ПИ за изградба на линиска инфраструктурна градба – атмосверска канализација на ул. 15-ти Корпус од мост на река Сушица до Градски гробишта во граници на ГУП Охрид | |
| | ▪ **Заршена постапка** | |
| 1.5 | ПИ за изградба на линиски инфраструктурен објект, Локален пат од с.Велгошти до црква Св.Никола (од стационажа км 0+000.00 до км 1+482.99) КО Велгошти, Велгошти, Општина Охрид | |
| | ▪ **Заршена постапка** | |
| 1.6 | ПИ за изградба на линиски инфраструктурен објект, Локален пат од село Лескоец до с. Горно Лакочереј, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај планер за постапување по забелешки** | |

| | | |
|---|---|---|
| **II-1.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | УП за село Љубаништа | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **исзавање на услови за планирање** | |
| 2 | УП за село Трпејца | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 3 | УП за село Елшани | |
| | ▪ **Во МЖСПП за добивање на Решение за услови за планирање** | |
| 4 | УП за село Лагадин | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 5 | УП за село Долно Коњско | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 6 | УП за село Велгошти | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 7 | УП за село Лескоец | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 8 | УП за село Косел | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 9 | УП за село Горно Лакочереј | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 11 | УП за село Подмоље | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 12 | УП за село Орман | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 13 | УП за село Горно Коњско | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 14 | УП за село Рамне | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 15 | УП за село Опеница | |
| | ▪ **Во МЖСПП за добивање на Решение за услови за планирање** | |
| 16 | УП за село Вапила | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 17 | УП за село Сирула | |
| | ▪ **Во Агенција за просторно планирање за исзавање на услови за планирање** | |
| 18 | УП за село Куратица | |
| | ▪ **Во МЖСПП за добивање на Решение за услови за планирање** | |

| **III-1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| | | |

| **III-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општин Охрид | Влада на РМ |
| | | |
| 2 | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | Влада на РМ |
| | | |

| **III-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД ,,Купи куќа за млади,, | |
| | ▪ **На мислење кај комисија за урбанизам** | |

| **IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на Охрид за<br>УЗ 8 УБ 8.3 УЗ 17 УБ 17.4; | |
| | ▪ **одобрена планска програма**<br>▪ **Донесена одлука за спроведување на стратегиска** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **отцена** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| | ▪ **аплицирана планска програма** | |
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **Изработен предлог пла за согласност** | |
| 1.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | |
| | ▪ **Во постапка на јавна анкета и презентација** | |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | |
| | ▪ **На корекции по забелешки** | |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | |
| | ▪ **Завод и музеј на Охрид – изработува нови заштитно конзерваторски основи и се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со вградени нови заштитно конзерваторски основи** | |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планот е вратен кај изработувачот за да се постапи и усогласи согласно Планот за управување со светското природно културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Планот е вратен кај изработувачот за да се постапи и усогласи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 УБ 2.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектирани ул. | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| **6** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Испратено на мислење до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство** | |
| **7** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 7.1 | **ДУП во УЗ 6 , УБ 6,1 опфат 3** | |
| | ▪ **Одобрена планска програма и се собираат податоци и информации од институциите** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 8.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **9** | **Урбан Блок 7.1** | |
| **9.1** | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.1 опфат 1 | |
| | **Одобрена иницијатива** | |
| **10** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Постапување по добиено мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство** | |
| **11** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 11.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Испратено на мислење до Комисијата за управување со све природно и културно наследство** | |
| 11.2 | ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3 | |
| | • **Одобрена планска програма и подготвена работна верзија** | |
| **12** | **Урбан блок 8.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - опфат 1 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Испратено на мислење до Комисијата за управување со све природно и културно наследство** | |
| **13** | **Урбан блок 9.1** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1 | |
| | ▪ **Вратен до планер за корекции со забелешки од МТВ** | |
| **14** | **Урбан блок 9.4** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 | |
| | ▪ **На комисија за одобрување на планска програма** | |
| **15** | **Урбан блок 10.1** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | |
| | ▪ **планот ќе биде продожен по измената на ГУП** | |
| **16** | **Урбан блок 10.2** | |
| 16.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **се разгледува од Комисија за урбанизам** | |
| **17** | **Урбан блок 10.4** | |
| 17.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11<br>УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 17.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2<br>(измена и дополнување) | |
| | ▪ **На разгледување на Комисија за урбанизам** | |
| **18** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 18.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Вратен кај планер на корекции** | |
| **19** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 19.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | |
| | **Одобрена планска програма** | |
| **20** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 20.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП УЗ 12 дел од УБ 12.1 – опфат1 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 20.2 | ДУП за УЗ 12, УБ 12.1 – опфат2 | |
| | • **Собирање на податоци и информациии од институции** | |
| **21** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 21.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |
| | ▪ **По препорака на МТВ се изработи нова ажурурирана подлога и се вршат корекции по истата**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **22** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 22.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот треба да достави корегирана планска програма** | |
| **23** | **Урбан блок 15.5** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот нема доставено корегиран нацрт план за повторена јавна анкета и презентација**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **24** | **Урбан блок 15.7** | |
| 24.1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | |
| | ▪ **Испратено на мислење до Комисијата за управување со** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **светското природно и културно наследство** | |
| **25** | **Урбан блок 16.1** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | ▪ **Планот е корекција кај планер по добиено мислење од Комисијата за Комисија за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион** | |
| **26** | **Урбан блок 16.3** | |
| 26.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2<br>▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **27** | **Урбан блок 18** | |
| 27.1 | ДУП з аУЗ 18 дел од УБ 18.1 опфат 1 | |
| | • **Одобрена иницијатива** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од комисија** | |
| **2** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **3** | УПВНМ Горица Север | |
| | ▪ **Кај планер за постапување по забелешки од комисија** | |
| **4** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | |
| **5** | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |
| **6** | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| **7** | УПВНМ Грица Исток опфат 1 | |
| | ▪ **Доставено во АПП Планерот подготвува планска програма** | |
| **8** | УПВНМ Грица Исток опфат 2 | |
| | ▪ **Фаза услови за планирање во АПП** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | ЛУПД со намена Г3 – сервиси на кп бр. 1141/5 КО Лескоец | |
| | ▪ **Завршена постапка** | |
| **2** | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **Се чека достава на документација за влијанието на мобилната станица** | |
| **3** | ЛУПД за ГП со намена Б4 деловни простори на дел од кп 821 КО Косел | |
| | ▪ **Во АКН за мислење** | |
| **4** | ЛУПД за градежна парцела бр.1 на кп 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) | |
| | ▪ **Се постапува по Милењето до Комисијата за Комисија за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион** | |
| **5** | ЛУПД за ГП 1.1 на кп бр. 1445/1 КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај планер за корекции** | |
| **6** | ЛУПД за изградба на објекти со намена А4 времено сместување на кп бр 3134, кп бр 3135 кп бр 3136 КО Елшани, општина Охрид | |
| | • **Завршена постапка - ододбрено ЛУПД** | |
| **8** | ЛУПД за ГП 1(А4-времено сместување) на кп бр. 2751/4 и др. КО Конско, општина Охрид | |
| | ▪ **Фаза за распишување на јавна анкета и презентација** | |
| | ЛУПД за формирање на ГП на дел од кп 487/1 КО Д.Лакочереј бгр и кп 6483/10 КО Охрид 4 со намена В-5 верски институции, општина Охрид | |
| | ▪ | |
| | ЛУПД за ГП1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 1544/1 во КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ | |

**Број 08-8751/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/121** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**
Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15 , 129/15, 39/16 и 99/18), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај :

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**
**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2021 година**
**за период од 01.01.2021год до 30.06.2021год**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2021 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период, подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата.Еден од посериозните проблеми во Охрид во летниот период претставува бучавата . Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко - системите и квалитетот на животот ;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената предлог - програма за заштита на животната средина и природата за 2021 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни

супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2021 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2021 година . Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2021год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи** | За реализација на проектот се предвидени средства во висина од 910.000, 00ден | Распишан беше тендер за избор на најповолен понудувач на кој не се пријави ниеден економски оператор. |
| 2. | **Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на чинарот на локалитетот Воска на крстосницата меѓу ул. „Гоце Делчев“ и ул.„Бистрица** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 400.000,00 ден | Избран е најповолен понудувач,а санацијата ќе отпочне по завршувањето на вегетациониот период |
| 3. | **Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина | Завршен проект |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **модерен систем за затоплување инвертер клими за 2021година** | од 1.200.000, 00ден | |
| 4. | **Изработка на Зелен катастар на подрачјето на општина Охрид во рамките на опфатот на Генералниот урбанистички план** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 1.000.000, 00ден | Распишан беше тендер за избор на најповолен понудувач , постапката е во тек |
| 5. | **Одржување на станични сензори за следење на квалитетот на абиентниот воздух во општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 260.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |
| 6. | **Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 500.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |
| 7. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Завршен проект |
| 8. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (акција за собирање стара хартија во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот не се предвидени финансиски средства | Заради ситуацијата со ковид 19 проектот не се реализира |
| 9 | **„Сакај го Охридското Езеро – единствено е во светот“носител на проектот е Здружение на граѓани „Нова Порта“ Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 150.000,00ден | Проектот е во тек |
| 10. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Пректот ке се реализира во текот на месец септември |
| 11. | **Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во Општина Охрид за 2022 година** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 20.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во месец декември |

II – Финансиски дел за активности за период 01.01.до 30.06.2021 година
Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани вкупно 542.870,00 денари.

**Број 08-8751/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/122** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2021 година за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8752/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ***
***За реализација на програма***
**Енергетска ефикасност за период од 01.01.2021 – 30.06.2021**

***Предговор***

Програмата за енергетска ефикасност на општина Охрид е направена од аспект на имплементација и продолжување на проектите за ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетска ефикасност во градежниот сектор, пред се кај објектите под надлежност на Општината.

Потребата од креирање и градење на центри во општините со стручни луѓе кои ја следат и промовираат енергетската ефикасност преку употреба на користење на мерки и технологии за енергетска ефикасност придонесува за заштеда на скапоцената енергија од секаков облик, подобрување на економијата на општината и што е најважно, ќе даде свој придонес кон глобалната стратегија за зачувување на Планетата.

Целта на изготвување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Охрид е:
- да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува
- да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за конзервација / заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во општината.

За реализиција на енергетската ефикасност во општината, потребно е да има стручен тим кој ќе е задолжен да следи, развива и да се грижи за енергетската ефикасност во општината, како и развој на софтверската алатка за мониторинг на потрошувачката на енергија, која што претставува прв извор на информации за состојбата на објектите под раководство на општината и можностите за подобрување на енергетските системи во истите.

Изготвување на Програма за енергетска ефикасност е законска обврска на секоја општина во Република Македонија дефинирана во Законот за Енергетика. Имено, според овој закон, политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

## ***1. Општина Охрид***

Стратешките цели на Општината се фокусирани на подобрување на инфраструктурата и условите во образованието и јавните услуги во надлежност на Општината. Притоа, Општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија.

Главна цел на Програмата е да ги намали трошоците за енергија во Општината, преку спроведување на проекти за енергетска ефикасност, како и зголемување на свеста кај граѓаните од придобивките на креирањето на локална енергетска политика (веќе е реализиран договорот за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во Општина Охрид).

## ***2. Постапки за изработка на Програмата за енергетска ефикасност***

Во тек на изработка на Програмата, извршено е собирање на податоци, нивна обработка, согледување на сите резултати од пресметките и дефинирање на предлози за модернизација на енергетските системи врз основа на анализираните податоци.

Целокупната изработка на Програмата има неколку основни целини:

- собирање податоци за состојбата на системите и енергетската потрошувачка
- изработка на листа на предлог мерки за енергетска ефикасност
- динамички план за остварување на целите по усвоена методологија
- финансиски план за спроведување на предвидените мерки

Со ова покрај констатирањето на состојбата, согледани се сите можни потенцијали за заштеда.

Приоритетите се рангираат според следните критериуми:

- Висината на специфична потрошувачка на енергија: 60%
- Број на опслужени луѓе во објектот: 20%
- Големина на објектот: 10%
- Степен на дотраеност на објектот: 10%

Врз основа на горните критериуми и приоритети ќе се врши следење на евентуалните промени на податоците од базата на податоци како и нејзино редовно ажурирање, со цел доколку се интервенира во одреден објект да се види ефектот од интервенцијата преку следење и анализирање на мерењата на потрошувачката на енергија и добиените резултати.

## 3. *Сегашна енергетска состојба*

Како и повеќето општини во Република Македонија така и Општина Охрид не располага со енергетски извори. Снабдувањето со електрична енергија во Општина Охрид се врши од електроенергетскиот систем на Република Македонија и воглавно целата општина е снабдена со стабилен напон од електроенергетската мрежа.

Напојувањето со електрична енергија на Општината се врши преку неколку напојни постројки, а најголеми се:

* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 1“

* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 2“

* Три електрични мали хидроцентрали со вкупна снага од 2 MVA

Во рамките на Општината не постои поголем извор за производство на електрична енергија, односно постојат две поголеми трафостаници 110/10 kV , како и три мали хидроцентрали изградени во месноста Рамне.

Општината Охрид, како правен субјект, не е производител на енергија. За снабдување со топлинска енергија за општинските објекти воглобала се користи нафта за греење и огревно дрво, како и во одредени случаи и електрична енергија.

## *4. База на податоци и извор на информации*

Спроведување на политиката за енергетска ефикасност не е возможна без вистински податоци за правење на процени и анализи врз основа на кои може да се донесуваат одлуки. Значајните трошоци за енергија кои се покриваат од општинскиот буџет предизвикаа голем интерес за добивање и градење на информативна база на податоци за средните и основните училишта, детските градинки, административните, услужни и културни објекти и уличното осветление кое е во надлежност на Општината.

Базата на податоци се користи за да се даде приоритет за спроведување активности на зградите со голема потрошувачка на електрична енергија за нивен преглед и развој во проекти за енергетска ефикасност.

## *5. Инвестиции*

Општина Охрид има потенцијал за енергетска ефикасност. Воедно, со зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од 5%-15% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност.

**Општина Охрид во реализација на оваа програма учествува во процесот на изготвување на проектна документација (елаборат за нумерички податоци, основен проект, стручна ревизија, елаборат за заштита на животна средина) во вкупен износ на средства од Буџет на Општина Охрид за 2020 година во износ од 800.000,оо денари.**

**Останатите средства ќе се обезбедат од други институции а согласно Законските прописи надлежноста во изградбата и реконструкцијата на објектите за вршење на Образовниот систем се во надлежност на Министерството за образование и науки.**

Планираните средства ќе бидат искористени за изготвување на проектно техничка документација преку која во голема мера ќе се подобри енергетската ефикасност на објектите под надлежност на Општина Охрид.

Вкупните потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот до крајот на 2020 година е 800.000,00 денари и тоа како вкупна инвестиција за реализација на горенаведените Проекти (каде што учеството на Општината се сведува во инвестирање во изработка на проектна документација, како и за санација на мали и ургентни потреби).

Освен Општината која реализира со сопствени средства, како донатори за помош и реализација на инфраструктурните проекти во Општина од аспект на енергетска ефикансост, се вбројуваат: UNDP, USAID, EU IPA фондовите, GEF, EBRD, CARDS програмата, странски амбасади и меѓународни претставништва во Република Македонија.

## **6.** *Критериуми за прифатливост на проекти*

Во основа, финансиски извори ќе се обезбедуваат за проекти кои:

- Покажуваат економска корисност за инвестиции во енергетска ефикасност
- Имаат економска оправданост создадена преку документирани енергетски заштеди
- Генерираат корист за животната средина преку намалена емисија на стакленички гасови и атмосферски загадувачи
- Покажуваат техничка возможност на системите за енергетска ефикасност
- Промовираат нови технологии
- Нудат голема веројатност за аплицирање во иднина
- Имаат јасна временска рамка за период на враќање на инвестицијата
- Имаат спонзори на проектот (ЕСКО, фондови, финансиски инструменти, донаторски организиции, инженерски фирми) кои имаат технички и менаџерски способности за успешно раководење и завршување на проектот.

## 7. *Прифатливи типови на проекти за ен. ефикасност*

Општината Охрид прифаќа општа дефиниција за енергетска ефикасност, која опфаќа широк спектар на технологии и опрема за заштеда на енергија. Потенцијалните проекти можат да бидат имплементирани во образовните и други општинските објекти со следните програми и годишни планови за ЕЕ. Прифатливи мерки за енергетска ефикасност ги вклучуваат, но и не се ограничуваат на следните типови на проекти:

- Надградување и реконструкција на грејни системи, вклучувајќи: инсталации на термостатски вентили, цевно напојување во грејната мрежа и зафати во котлари;
- Спроведување на мерки за надградба, вклучувајќи термална изолација за прозори, врати, тавани и зидови;
- Имплементација на високо-ефикасен систем за осветление
- Имплементација на електрични мотори со висока ефикасност и пумпи
- Надградување или замена на котли, бренери и печки за греење
- Осветление во спортските сали и другите Општински објекти
- Подобрување на системот за пренос на енергија
- Контроли на мерачи на проток, броила, инструменти, дата логери
- Системи за автоматско управување и контрола на потрошувачката

## 8. *Долгорочни цели*

Очекуваните резултати од преземените мерки за ЕЕ на Општината се:

- намалување на просечната потрошувачка на енергија ( kWh/m2 )
- намалување на делот за енергија во општинските инвестиции

  подобрување на внатрешните услови до стандардно ниво на удобност во училиштата , градинките и јавните објекти во надлежност на Општината
- намалување на емисиите на CO2 во атмосферата
- навремено откривање на енергетските системи со голема потрошувачка и нивно реконструирање
- користење на обновливи извори на енергија

Активностите преку кои Општината ќе ги реализира овие цели се:

- среднорочни и долгорочни планирања на потрошувачката на енергија
- одржување на базата на податоци
- мерење и следење на потрошувачката на енергија
- следење и применување на најдобрите пректики од областа на ЕЕ
- користење на обновливи извори на енергија
- изнаоѓање на финансиски средства за реализација на проекти

## 9. *Контрола на програмата*

Потрошувачката на енергија во повеќето згради е за 25-35% повисока отколку што е потребно за да се одржи посакуваното ниво на комфорт. Бидејќи овие објекти имаат голем потенцијал за заштеда на енергија, потребно е спроведување на мерките за енергетска ефикасност како што се замена / поправка на прозори, изолација, поефикасно осветлување, термостатски вентили и автоматска контрола на греење, исклучување од употреба и користење на дотраени и пред се на непотребни потрошувачи (уреди) на електрична енергија и слично, со цел да потрошувачката на енергија се намали на оптимално ниво.

Со цел да овозможи да се следат резултатите од спроведените мерки за енергетска ефикасност, се планираат мерења во различни временски периоди и споредба на резултатите со пресматаните. Главни показатели кои се мерат и споредуваат се следните:

- Потрошувачката на енергија (топлинска и електрична),
- Споредба на условите во објектите (температурни разлики, степенот на осветленост и влажност),
- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за енергија.

## 10. Резиме

Политиката на Општината, во областа на енергетска ефикасност се утврдува со Програма за енергетска ефикасност, усогласена со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. За долгорочна ефикасна примена на мерките за ЕЕ потребна е набавка, инсталација и примена на софтверот ExCITE (External Climate and Inventory Tool for Energy Efficiency) кој е изработен за проектот на УНДП "намалување на климатските промени преку имплементација на мерки за енергетска ефикасност во градежниот сектор", кој софтвер покрај другото има карактер на инвентар на јавни објекти во надлежност на Општината.

Активностите на Општина Охрид ќе се насочат кон реализација на главната цел на политиките на ЕУ, односно намалување на годишната потрошувачка на примарна енергија во Европа за 20% до 2020 година, согласно предложените мерки од Европската комисија, за зголемување на ефикасноста во сите сегменти во синџирот на енергија: генерација, трансформација, дистрибуција и финална потрошувачка.

**Општина Охрид во реализација на оваа програма учествува во процесот на изготвување на проектна документација (елаборат за нумерички податоци, основен проект, стручна ревизија, елаборат за заштита на животна средина) во вкупен износ на средства од Буџет на Општина Охрид за 2021 година во износ од 1.200.000,оо денари**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ**
**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
**ЗА 2021 ГОДИНА, ВТОР КВАРТАЛ**

| | **Опис** | **Предвиден и средства** | **Реализација по квартали** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **I квартал** | | **II квартал** | | **III квартал** | | **IV квартал** | |
| | | | **Вредност** | **%** | **Вредност** | **%** | **Вредност** | **%** | **Вредност** | **%** |
| | **ПРОГРАМА - ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | | | | | | |
| 1 | Изготвување на проектна документација за реализација на програмата за енергетска ефикасност | 1.200.000.оо | | | 351.610,оо | 29 | | | | |
| | **Вкупно:** | **1.200.000,оо** | | | **351.610,оо** | **29** | | | | |
| | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за период 2020 година** | **1.200.000,оо** | | | | | | | | |

**Број 08-8752/32**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2021-2023 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Развојната програма за други комунални услуги 2021-2023 за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/123**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2021-2023 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за други комунални услуги 2021-2023 за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8752/33**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА Ј8**
**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2021 – 30.06.2021**

## 1. ПРОГРАМА: ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ J8

| Ред. Бр. | Опис на работа | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | **Машинско и речно чистење и одржување на речни корита, суводолици и канали на територија на Општина Охрид** | **2.500.000,оо** |
| 2 | **Машинско и рачно чистење на диви депонии на територија на Општина Охрид,свлечишта и одрони** | **1.000.000,оо** |
| 3 | **Изнајмување на мобилни тоалети** | **200,000.оо** |
| 4 | **Новогодишно украсување** | **1.300.000,оо** |
| 5 | **Дезинфекција,дезинсекција и дератизација** | **500.000,оо** |
| | **ВКУПНО** | **5.500.000,оо** |

| Динамика за извршување на плански активности од подпрограма **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** за 2019 година | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
| авиозапрашување против комарци<br><br>-I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br><br>-II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција) | <br><br>-мај/јуни ( во зависност од временските прилики)<br>-јули |
| теренско запрашување против комарци на крајбрежен појас на Охридско езеро како и делови од речните корита<br><br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br><br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција)<br>III –то запрашување ( адултицидна дезинсекција) | <br><br><br><br>- април/мај ( во зависност од временските прилики)<br>- јуни<br><br>- јули/август |
| дератизација на канализациски систем | |

| | |
|---|---|
| I –во третирање<br>II –ро третирање | - мај<br>- октомври |

**2.ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ J8 ФИНАНСИРАНИ ПРЕКУ СРЕДСТВА ОД ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ**

Согласно Договорот бр.83362607за уредување на коритото на река Сушица склучен помеѓу ГИЗ МК и општина Охрид во рамки на ГИЗ проектот Адаптација кон климатските промени и управување со ризикот од поплави во Дримскиот слив добиени се средства за:

- Мерки за заштита и превенција од поплави преку чистење и хортикултурно уредување на коритото на река Сушица кај село Велгошти .................... 775.300,оо ден.

**Извор на финансирање:**

| | |
|---|---|
| **Буџет на Општина Охрид за програма други комунални услуги 2020** | **5.500.000,оо** |
| **Финансирани преку средства од домашни и меѓународни институции** | **775.300,оо** |

**ВКУПНО ЗА J8** **6.275.300,оо**

Прегледот на реализација на оваа програма е даден во следната табела:

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ**
**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА - ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**
**ЗА 2021-2023 ГОДИНА, ВТОР КВАРТАЛ**

| | **Опис** | **Предвиден и средства** | **Реализација по квартали** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **I квартал** | | **II квартал** | | **III квартал** | | **IV квартал** | |
| | | | **Вредност** | **%** | **Вредност** | **%** | **Вредност** | **%** | **Вредност** | **%** |
| | **ПРОГРАМА - ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, 2021 ГОДИНА** | | | | | | | | | |
| 1 | Машинско и рачно чистење и одржување на речни корита, суводолици и канали на територија на Општина Охрид | 2.500.000,оо | | | 786.244,оо | 31 | | | | |
| 2 | Машинско и рачно чистење на диви депонии на територија на Општина Охрид, свлечишта и одрони | 1.000.000,оо | | | 527.566,оо | 53 | | | | |
| 3 | Изнајмување на мобилни тоалети | 200,000.оо | | | | | | | | |
| 4 | Новогодишно украсување | 1.300.000,оо | | | | | | | | |
| 5 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 500.000,оо | | | | | | | | |
| 6 | Чистење на река Сушица кај село Велгошти | 775.300,оо | 645.460.оо | 83 | 645.460.оо | 83 | | | | |
| | **Вкупно:** | **6.275.300,оо** | **645.460,оо** | **10** | **1.959.270,оо** | **31** | | | | |
| | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид и ГИЗ МК за период 2021 година** | **6.275.300,оо** | | | | | | | | |

**Број 08-8752/34**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/124** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8752/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ***
***За реализација на програма ЈД***
**изградба и реконструкција на локални патишта и улици за период од 01.01.2021 – 30.06.2021**

**Програмата се однесува на изградба и реконструкција на локални патишта и улици во населени места за 2021 година. Преку оваа програма ќе се реализираат проекти кои се од суштинско значење за жителите кои живеат во населените места и гравитираат кон нив со што во голем дел ќе се подобри квалитетот на нивниот живот.**

**Извори на финансирање:**

- **Буџет на Општина Охрид**
- **Јавно претпријатие за државни патишта**
- **Агенција за рурален развој**
- **Министерство за финансии**

**Реализацијата на програмата од Буџет на Општина Охрид за период 01.01.2021 година до 30.06.2021 година е дадена во следната табела:**

**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ , ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2021 ГОДИНА, ВТОР КВАРТАЛ**

| | Опис | Предвидени средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| | **ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | | | | | |
| **1** | **ИЗГРАДБА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНА ПАТНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА** | | | | | | | | | |
| **А** | **ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕЛАБОРАТИ, СТРУЧНА РЕВИЗИЈА И СТРУЧЕН НАДЗОР** | | | | | | | | | |
| 1 | Изработка на проектна и техничка документација | 550.000,оо | | | | | | | | |
| 2 | Стручна ревизија на проекти | 150.000,оо | | | | | | | | |
| 3 | Изработка на елаборати за животна средина на проекти | 100.000,оо | | | | | | | | |
| 4 | Вршење на стручен надзор на изградба на објекти | 600.000,оо | | | 127.330,оо | 21 | | | | |
| 5 | Изработка на сообраќајна студија за град Охрид | 2.000.000,оо | | | | | | | | |
| | **Вкупно: А** | **3.400.000,оо** | | | **127.330,оо** | **4** | | | | |
| **Б** | **ИЗГРАДБА НА УЛИЧНА ПАТНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА** | | | | | | | | | |
| 1 | Изградба, реконструкција на улична патна мрежа, крпење на ударни дупки и асвалтирање на тесни улици во населени места | 9.000.000,оо | 3.962.322,оо | 44 | 3.962.322,оо | 44 | | | | |
| 2 | Изградба на локален пат село Велгошти – црква Св. Никола | 11.500.000,оо | | | 9.517.905,оо | 83 | | | | |
| | **Вкупно: Б** | **20.500.000,оо** | | | **13.480.227,оо** | **66** | | | | |
| **В** | **ИЗГРАДБА, САНАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МОСТОВИ , ПРОПУСТИ И ПОТПОРНИ ЗИДОВИ** | | | | | | | | | |
| 1 | Изградба, санација и рехабилитација на мостови , пропусти и потпорни зидови на улична патна мрежа во населени места и локални патишта | 3.000.000,оо | | | 1.705.025,оо | 57 | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно: В** | **3.000.000,oo** | | | **1.705.025,oo** | **57** | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **Г** | **ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ ТРОТОАРИ И ДР. ПОВРШИНИ СО БЕХАТОН ЕЛЕМЕНТИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА** | | | | | | | | | |
| 1 | Изградба, реконструкција и одржување на тротоари и други површини со бехатон елементи во населените места | 2.200.000,oo | 575.073,oo | 26 | 948.115,oo | 43 | | | | |
| | **Вкупно: Г** | **2.200.000,oo** | | | **948.115,oo** | **43** | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | **Вкупно: А, Б, В, Г** | **29.100.000,oo** | | | **16.260.697,o o** | **56** | | | | |
| | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за период 2020 година** | **29.100.000,oo** | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **2** | **ПРОЕКТИ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ ДО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА , ФИНАНСИРАНИ ОД ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ СО СРЕДСТВА ОДОБРЕНИ ПРЕКУ КРЕДИТНИ ЛИНИИ** | | | | | | | | | |
| 1 | Реконструкција на локален пат за село Куратица во должина од 5.500 метри | 32.700.000,oo | | | | | | | | |
| 2 | Изградба на дел од локален пат за село Плаќе | 10.000.000,oo | | | | | | | | |
| 3 | Реконструкција на патниот правец за село Завој | 10.300.000,oo | | | | | | | | |
| 4 | Реконстркција на патен правец с.Свиништа | 10.500.000,oo | | | | | | | | |
| 5 | Реконструкција на локален пат за село Расино во должина од 3300 метри | 18.500.000,oo | | | | | | | | |
| 6 | Реконструкција на локален пат, од Регонален пат Охрид - Св.Наум до автокамп Љубаништа во должина од 990 метри | 7.100.000,oo | | | | | | | | |
| 7 | Изградба на патен правец од с.Лакочереј до с.Лескоец | 12.000.000,oo | | | | | | | | |
| 8 | Изградба на локален пат од с.Свиништа до | 5.500.000,oo | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | црква Св. Богородица во должина од 1050 метри. | | | | | | | | | | |
| | **Вкупно:** | **106.600.000,оо** | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

**Број 08-8752/36**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување јавна чистота за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/125** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување јавна чистота за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8752/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**I –Изведени активности за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци:

**Месец јануари:**

- Метење улици од I категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење улици од II категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 16 дена
- Метење улици од III категорија . . . . . . . . . . . . . . .. . 8 дена
- Метење од IV категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

---

- Вонредни активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
- Одржување и чистење на др.површини . . . . . . . . .

---

**Месец февруари:**

- Метење улици од I категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 28 дена
- Метење улици од II категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење улици од III категорија . . . . . . . . . . . . . . .. . 7 дена
- Метење од IV категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

- Вонредни активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
- Одржување и чистење на др.површини . . . . . . . . .

---

**Месец март:**

- Метење улици од I категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 дена
- Метење улици од II категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 16 дена
- Метење улици од III категорија . . . . . . . . . . . . . . .. . 8 дена
- Метење од IV категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

- Вонредни активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
- Одржување и чистење на др.површини . . . . . . . . .

---

**Месец април:**

- Метење улици од I категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена
- Миење улици од I категорија. . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена
- Метење улици од II категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење улици од III категорија . . . . . . . . . . . . . . .. . 8 дена
- Метење улици од IV категорија . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

---

- Вонредни активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
- Одржување и чистење на др.површини . . . . . . . . .

---

**Месец мај:**

- Метење улици од I категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Миење улици од I категорија. . . . . . . . . . . . . . . . 31ден

- Метење улици од II категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 16 дена
- Миење улици од II категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење улици од III категорија . . . . . . . . . . . . . . .. . 8 дена
- Миење улици од III категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење од IV категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена
- Миење од IV категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

- Вонредни активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
- Одржување и чистење на др.површини . . . . . . . . .

**Месец јуни**

- Метење улици од I категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 ден
- Миење улици од I категорија. . . . . . . . . . . . . . . . . 30 ден
- Метење улици од II категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Миење улици од II категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење улици од III категорија . . . . . . . . . . . . . . .. . 8 дена
- Миење улици од III категорија . . . . . . . . . . . . . .. . 8 дена
- Метење од IV категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена
- Миење од IV категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

- Вонредни активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
- Одржување и чистење на други површини . . . . . . . . .

| *Ред. број* | *Опис* | *Предвидени средства* | *Реализирано 01.01.2021 30.06.2021* | *Процент %* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одржување јавна чистота | 8.581.068,00 | 3.719.417,00 | 43 |
| 2. | Вонредни активности | 2.294.500,00 | 1.148.106,00 | 50 |
| 3. | Одржување и чистење на др. површини | 1.000.000,00 | 600.000,00 | 60 |
| | **Вкупно:** | **11.875.568,00** | **5.467.523,00** | **46** |

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ**
**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ХИГИЕНА**
**ЗА 2021 ГОДИНА**

| | Опис | Предвидени средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| | | | | | | | | | | |
| | **ПРОГРАМА - ЈАВНА ХИГИЕНА** | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| **А** | **РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ** | | | | | | | | | |
| 1 | Рачно метење, I категорија, 81.227 м2, 365 дена | 2.371.828,оо | 584.834,00 | 24 | 1.176.167,00 | | | | | |
Остварување на сето погоре кажано е единствено можно само со изготвување на транспарентен буџет кој ќе ги опфати барањата на граѓаните, буџет кој во себе ќе содржи развојна компонента и ќе осигури на оптимален начин опфат на сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа согласно закон. Прибирањето на приходите е неопходен предуслов за реализација на сите наредни активности а кои се во надлежност на општината. Реалното согледување и утврдување на севкупните приходи е особено значајно за изготвување на буџет во кој ќе се изврши правилна проценка на приходите и расходите запазувајќи ја законитоста во спроведување на процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите а воедно имајќи ги во предвид и реалните можности и капацитети на општината. Процесот на буџетирање на локалната самоуправа како сложен процес започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршувањето на расходите се однесува само за една тековна буџетска година. Програмското планирање претставува основа во процесот на буџетирање во локалната самоуправа и опфаќа буџетирање врз база на одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Капиталното инвестирање опфатено во буџетот се планира во програми кои уште се нарекуваат и развојни програми кои се донесуваат за подолг временски период, односно неколку буџетски години. Процесот на буџетирање како перманентен циклус започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се до негова конечна реализација до крајот на буџетската година.

Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво, ДДВ, блок дотациите и наменските дотации ја дефинираат вкупната маса на средства на општината опфатени во годишниот буџет. Во проектирањето на трошоците во буџетот - расходниот дел, посебно се води сметка за реалните потреби на граѓаните од аспект на инфраструктурните проблеми имајќи ги во предвид долгорочните и годишните програми. Утврдените активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите ги дефинираат приходите кои ги остваруваат општините и ги опфаќаат следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ донации, кои се остваруваат врз база изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Во процесот на буџетирање, содржината и програмите од кои се состои буџетот се усогласени со унифициран начин на припрема и изготвување на буџетот, утврден од Министерството за финансии. Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;

- приходи и расходи за развојните програми.

Песебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми. Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии.

Општина Охрид согласно усвоениот буџетски календар и циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии, во кое се утврдени параметрите по основ на блок дотации и други трансфери од власта, на седницата одржана на ден 29.12.2020 година со Одлука бр. 08-11545/33 го утврди буџетот на Општината за 2021 година на износ од 1.298.764.503,оо денари. Со Одлуките за измена на распоредот на средства во буџетот на општина Охрид за 2021 год. бр.08-4086/3 од 28.04.2021 и Одлука бр. 08-6438/8 од 30.06.2021 година согласно потребите и барањата на соодветните сектори се изврши реалокација на средства во неколку програми и буџетски позиции, но висината на вкупниот буџет остана непроменета.

**Приходи**

Во Република Македонија, системот на финансирање на локалната самоуправа е составен од повеќе групи на приходи. Приходите на ЕЛС се стриктно утврдени со класификацијата на приходите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Согласно закон изворите на финансирање на општината се: *сопствени извори* на приходи, *дотации, донации* и *задолжувањето*. Како најзначајни приходи врз кои локалната самоуправа има директно влијание се издвојуваат *сопствените приходи,* итоа: локалните даноци, локални надоместоци, приходи од сопственост.

Локални даноци. Во оваа група, еден од облиците односно еден даночен објект е данокот на имот и како таков е еден од најстарите даночни облици, каде основен предуслов за воспоставување на овој тип на данок е приватната сопственост. Данокот на наследство и подарок е нареден од групата даноци на имот, опфаќа оданочување во постапка на пренос на сопственост помеѓу оставител и неговите наследници. Данокот на подарок е сличен со данокот на наследство, стапките на оданочување се слични, во двата случаи се работи за пренос на имот без надомест, а разликите се во начинот на изведување на постапката. Во случај на појава на промет со имот и права помеѓу два субјекта каде се појавува одреден надомест, се јавува Данок на промет на недвижности и права. Локалната самоуправа има право да врши прибирање и на други локални даноци- утврдени со закон.

Локалните такси претставуваат фискален инструмент со кој од физичките и правни лица се прибираат средства како надомест за одредена услуга која ја пружаат органите на локалната власт.

Локалните надоместоци претставуваат приход сличен на таксата и се плаќаат како цена за користење на некое добро кое е од општ интерес. Во споредба со таксите, каде се плаќа за одредена услуга, во случајот со надоместоците се плаќа за користење на некое општо добро.

Приходите од сопственост губат дел од своето значење со развојот на даноците и другите фискални инструменти, но и натаму претставуваат значајна ставка и извор на финансирање како во државни рамки така и на локално ниво. Во ЕЛС постојат повеќе видови на имот, кои може да се користат од локалните власти на различни начини и притоа да овозможат остварување на одреден приход. Горенаведените приходи од сопственост секој пооделно има свое значење и удел во приходите на локалната самоуправа, но овој вид на приходи за разлика од другите типови има и своја специфика, поради што со некои од овие приходи треба посебно да се внимава. Во овој контекст, посебно внимание треба да се посвети на приходите од продажба на имот. Овој вид на приход знае да донесе големи приходи, но при неговото практикување треба да се има предвид

фактот дека колкав и да е тој приход, сепак се работи за еднократен приход а локалната самоуправа трајно го губи изворот на ваков вид приход, односно трајно го губи имотот кој ќе го отуѓи.

*Групата на приходи – дотации*, уште се познати и како фискални трансфери, истите се од огромно значење за локалната самоуправа, но се разликуваат од сопствените по начинот на обезбедување. Иако се значајна ставка во рамките на локалните буџети треба да се истакне дека овие приходи со моменталната поставеност на системот на финансирање, во голема мера ја намалуваат фискалната автономијата на локалните власти.

*Групата на приходи – задолжување* е исто така предвидена како опција за финансирање на локалната самоуправа и истата е во корелација со исполнување на некои законски предуслови. Кога станува збор за задолжувањето, треба да се нагласи дека тоа е исклучиво оправдано само во насока на капитални расходи. Прибирањето на средствата- приходите се неопходен услов за реализација на активностите утврдени во буџетот и во зависност од нивната правилна проценка зависи подготвувањето на квалитетен и издржан буџет, кој ќе биде рефлексија на моменталниот фискален капацитет на општината и нејзината одржливост. Согласно постојната класификација на приходите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа а во зависност од извор на настанување на приходите, најголем дел од планираниот буџет за 2021 година, во висина од 732.016.000,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 732.016.000,оо денари е распределен по група на приходи:

- Даночни приходи ------------------------------------ 492.765.000,оо
- Неданочни приходи ---------------------------------- 16.080.000,оо
- Капитални приходи ------------------------------------ 49.950.000,оо
- Трансфери и донации --------------------------------- 74.699.298,оо

Согласно постојната законска регулатива, активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита се финансираат со трансфери од државниот буџет а во облик на блок дотации, односно наменски дотации за активности од областа на противпожарната заштита. Предвидени средства за утврдените активности од овој тип се 503.382.735,оо денари од вкупно утврдениот буџет. Согласно законската регулатива во вкупниот буџет на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 42.143.504,оо денари.

Приходите по основ донации за проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни меѓународни и домашни институции, во буџетската 2021 година се планирани на износ од 21.222.264,оо денари. За реализацијата на овие проекти дел од планираните приходи по овој основ веќе се остварени, односно веќе се пристигнати средства, дел о д активностите се реализирани а дел останува да се реализираат и да се заокружи целосно и финансискиот дел на тие проекти за што подетални информации може да се добијат од соодветните одделенија односно сектори.

Според единствената сметководствена евиденција, општина Охрид заклучно со вториот квартал во буџетската 2021 година остварила вкупен приход од 498.884.985,оо денари или процентуално изразено 38,41 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи, вкупно од сите сметки и групи на приходи, проектирани во буџетот на општината. Генерално гледано за наведениот период, остварувањето на вкупниот буџет по сите основи за овој период е за повеќе проценти пониско од идеалното остварување и согласно процентите на остварување на поделните групи на приходи има простор и потреба за подобрување на остварувањето и приближување до идеалниот процент на остварување во наредниот период, во спротивно би требало да следи ревидирање на поделните

приходни ставки и нивно усогласување со реалните остварувања и очекувања до крајот на оваа буџетска година.

Анализирајќи пооделно по групи на приходи планирани во буџетот, во делот на наменските дотации и приходите по основ на донации имаме високо ниво на остварување на приходите додека во делот на основниот буџет и делот на приходите по основ самофинансирачки активности имаме потфрлање во остварувањето од повеќе проценти.

Доколку се анализира остварениот приход во делот изворни приходи- основен буџет кој е во директна зависност од способноста и ангажираноста на стручните служби во постапката на прибирање на овие приходи, износот од 243.090.162,оо ден. покажува остварување од 33,21 % при што може да се констатира дека општина Охрид гледано во делот на основниот буџет за вториот квартал има значително отстапување во реализација на планираните приходи. Буџетските приходи од делот на основниот буџет, на високо ниво се остваруваат во делот на даноците на имот и неданочните приходи, додека во делот трансфери и донации, капиталните приходи и делот од даноците на специфични услуги остварувањето е на незавидно ниво. Во групата каде имаме значајно отстапување во остварувањето влегуваат трансферите и донациите од буџетотот на РМ и фондовите, капиталните трансфери од други нивоа на власт како и делот на даноците на специфичните услуги во кој како најзначајна ставка се приходите по основ уредување на градежно земјиште.

Во периодот кој следува доколку во групите на приходи каде има отстапување не настанат некои позначајни поместувања во смисла на подобрување на остварувањето на истите, овие приходи мора да претрпат ревидирање и корекција. Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се забележи остварувањето пооделно по видови на приходи. Освен во делот за кој зборувавме претходно во другите групи на приходи проектирани со буџетот на општина Охрид доколку се задржи сегашниот тренд на нивно остварување согласно законските рамки кои го дефинираат степенот на отстапување во остварувањето нареден чекор во процесот на буџетирање секако би бил ребаланс односно корекција на планираните приходи во постојниот буџет.

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2021** | **Остварено во втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **503.382.735** | **231.763.500** | **46,04** |
| **Самофинансирачки приходи** | **42.143.504** | **13.932.369** | **33,06** |
| **Даночни приходи** | **492.765.000** | **188.761.290** | **38,31** |
| **Неданочни приходи** | **16.080.000** | **8.269.655** | **51,43** |
| **Капитални приходи** | **49.634.128** | **11.623.805** | **23,42** |
| **Приходи од донации** | **21.222.264** | **10.098.954** | **47,59** |
| **Трансфери и донации** | **173.536.872** | **34.435.412** | **19,84** |
| **Кредити** | / | / | / |
| ***Вкупно*** | ***1.298.764.503*** | ***498.884.985*** | ***38,41*** |

Податоците во табела укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на пооделните групи приходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што во поголема мера отстапуваат од планираното со буџетот за 2021 година. Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции и тековното ниво на остварување а имајќи ја во вид и природата на овие приходи за очекување е до крајот на годината во целост да бидат реализирани.

Средствата по основ самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на буџетските корисници. Од податоците за извршувањето во прегледот согласно остварувањето со овој квартал може да кажеме дека остварувањето на овој тип на приходи значително отстапува од проектираните приходи и како и претходно и овој пат ја нагласуваме потребата за пореално планирање на овој тип на приходи за што сме укажале како стручна служба во повеќе наврати на буџетските корисници.

Превземање на мерки за подобрување или задржување на трендот на остварување односно прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би требало да биде приоритет а она што треба да се има предвид е сензитивноста на периодот кој следи, поради што е потребно да се превземат сите мерки за усогласување на отстапувањата во буџетските проекции за до крајот на оваа буџетска година.

***Графикон бр.1***




***Графикон бр.2***




Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2020 година.

| Вид на приход | Проектирано за 2020 | Остварено во втор квартал | % |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **492.431.284** | **234.480.841** | **47,62** |
| **Самофинансирачки приходи** | **39.873.505** | **6.289.460** | **15,77** |
| **Даночни приходи** | **415.241.247** | **171.431.885** | **41,28** |
| **Неданочни приходи** | **15.720.000** | **3.487.182** | **22,18** |
| **Капитални приходи** | **119.027.444** | **14.422.106** | **12,12** |
| **Приходи од донации** | **30.888.962** | **6.882.846** | **22,28** |
| **Трансфери и донации** | **102.083.627** | **39.393.028** | **38,59** |
| ***Вкупно*** | ***1.215.266.069*** | ***476.387.348*** | ***39,20*** |

***Графикон бр.3***




Споредбено 2021 год. во однос на 2020 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2020 год. 228.734.201,оо денари
- остварување во 2021 год. 243.090.162,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2021 год. е за 6,276 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2020 година.

Споредбено 2021 год. во однос на 2020 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2020 год. 476.387.348,оо денари
- остварување во 2021 год. 498.884.985,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2021 год. е за 4,722 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2020 година.

Процентуалниот удел во вкупно проектираните и реализирани приходи за 2020 и 2021 година е прикажан во графикон бр.4.

***Графикон бр.4***




Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта во пропишана форма се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.06.2021 година.

**Расходи**

При планирањето на активностите и програмите во буџетот битен момент е структурата на расходите. Структурата на расходите покрај законски утврдените надлежности на општината произлегува и е зависна и од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со нив. Генерално гледано во однос на буџетирањето и она што е карактеристика за повеќето општини во Македонија е фактот дека повеќето од општините се соочуваат со недоволно сопствените приходи кои произлегуваат од слабиот фискален капацитет на општините и ситуација каде што прибраните приходи со годишните буџети генерално се доволни за покривање на тековните расходи но не и делот кој останува за капитални расходи. Овој процес посебно е карактеристичен за помалите и руралните општини поради што тие своите капитални проекти ги финансираат со големо учество на капиталните трансфери од централниот буџет и фондовите, меѓутоа тоа трансферирање ја задушува финансиската автономија на локалните власти. Структурата на расходите генерално во општините се разликува во зависност од тоа, дали се разгледува вкупниот или основниот буџет, но во основа генерален заклучок е дека капиталните расходи во најзначителен дел се реализираат и финансираат од сопствени средства. Тоа е поизразено кај поголемите општини, што е логично, имајќи го во предвид нивниот фискален капацитет. Со преземање на надлежностите во делот од социјалата и образованието со влегување на општините во втората фаза од процесот на фискална децентрализација, видно се менува и структурата на расходите во буџетите на општините.

Остварувањето, висината како и динамиката на вкупните расходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби.

Јавните расходи според економската класификација, може да ги поделиме на тековни расходи, капитални расходи и други расходи. Оваа класификација и поделба е основа за изготвување на буџетот на локалните самоуправи, а врз основниот принцип на буџетска рамнотежа помеѓу приходите и расходите. Тековните расходи опфаќаат расходи за исплата на плати и надоместоци на вработените во администрацијата, набавка на разни стоки и услуги, расходи за режиски трошоци неопходни за функционирање на локалната самоуправа и нејзините органи, трошоци за социјални бенефиции, субвенции и трансфери и секако тука влегуваат и резервите и недефинираните расходи. Во капиталните расходи влегуваат сите оние инвестиции, кои имаат своја улога во развојот на опшеството и се однесуваат на инфраструктурни вложувања. Тие расходи ги опфаќаат трошоците за набавка на опрема, набавка или изградба на градежни објекти, вложувања во нефинансиски средства за истражување и развој и слично, вложувања кои придонесуваат и водат кон подобра иднина на граѓаните. Токму поради ваквите карактеристики на овие расходи, по дефиниција, сите локални власти како и централните настојуваат овие расходи да бидат доминантни при планирањето на буџетите, но за жал овие расходи се распределуваат во буџетот откако ќе бидат распределени тековните расходи неопходни за функционирање на локалната самоуправа.

Структурата на расходите во најголема мерка кај локалните самоуправи е зависна од овластувањата кои ги имаат локалните самоуправи и јавните услуги кои ги обезбедуваат а најчесто тие се во областа на комуналната сфера, уличното осветлување, изградба и реконструкција на локалната инфраструктура и сл. Структурата на расходите се менува со влегувањето на општините во втората фаза од процесот на децентрализација. Структурата на расходите во голема мерка е зависна од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со истите. Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето пооделно по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 30.06.2021 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства- основен буџет) распределени по програми прикажани се во следната табела:

| | Програма | Планирано | Остварено | % |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 26,350,000 | 9,206,443 | 34.94 |
| До | Градоначалник | 3,132,500 | 891,852 | 28.47 |
| Ео | Општинска администрација | 158,175,076 | 73,163,657 | 46.25 |
| ЕА | Општинска администрација капитални рас | 9,450,000 | 925,007 | 9.79 |
| Ф1 | Урбанистичко планирање | 3,500,000 | 227,117 | 6.49 |
| ФА | Уредување на градежно земјиште | 245,350,000 | 45,604,072 | 18.59 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 6,100,000 | 1,607,300 | 26.35 |
| Г2 | Потт. На развојот на туризмот | 3,900,000 | 556,392 | 14.27 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 1,200,000 | 0 | 0.00 |
| Ј3 | Јавно осветлување | 55,500,000 | 27,335,407 | 49.25 |
| Ј4 | Јавна чистота | 11,875,968 | 6,857,642 | 57.74 |
| Ј6 | Оддржув. И заштита на патишта и улици | 3,000,000 | 0 | 0.00 |
| Ј7 | Оддрж. И користење на паркови и зеленил | 10,022,456 | 8,059,620 | 80.42 |
| Ј8 | Други комунални услуви | 8,500,000 | 1,268,007 | 14.92 |
| ЈА | Изградба на јавно осветлување | 10,000,000 | 1,976,031 | 19.76 |
| ЈД | Изградба и реконструција на патишта и ули | 29,100,000 | 3,867,706 | 13.29 |
| ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 10,850,000 | 2,000,083 | 18.43 |
| ЈГ | Иградба на системи за водоснабдување | 30,700,000 | 10,110,515 | 32.93 |
| ЈИ | Системи за одведување и прочистување н | 22,100,000 | 11,034,280 | 49.93 |
| ЈМ | Паркови и зеленило капитални расходи | 2,800,000 | 0 | 0.00 |
| К4 | Културни манифес. И творештво | 5,230,000 | 1,340,722 | 25.64 |
| КА | Културни манифес. И творештво(Капит. Ра | 400,000 | 0 | 0.00 |
| Ло | Спорт и рекреациија | 18,010,000 | 13,307,508 | 73.89 |
| ЛА | Спорт и рекреазија (капит. Рас.) | 600,000 | 0 | 0.00 |
| Н1 | Основно образование (капитални рас.) | 13,080,000 | 5,023,915 | 38.41 |
| Н2 | Средно образование | 3,000,000 | 2,527,062 | 84.24 |
| НА | Основно образование (капитални рас.) | 9,760,000 | 5,936,829 | 60.83 |
| Р1 | Заштита на животната средина | 4,570,000 | 542,870 | 11.88 |
| Т1 | Унапредување на здравствена заштита | 2,400,000 | 542,000 | 22.58 |
| Њо | Противпожарна заштита | 20,550,000 | 7,616,717 | 37.06 |
| ЊА | Противпожарна заштита капитални рас. | 2,350,000 | 0 | 0.00 |
| Џ1 | Родова еднаквост | 460,000 | 0 | 0.00 |
| | ***Вкупно*** | ***732,016,000*** | ***241,528,754*** | 33.00 |

Податоците во табелата укажуваат на разноликост во процентите на извршување и реализација по пооделни програми, но тоа што треба тука да се нагласи е потребата од разграничување помеѓу помеѓу финансискиот дел, извршувањето на буџетот за наведениот период и активностите кои се извршуваат во истиот период, сето тоа поради фактот што активностите и проектите кои се реализираат во тековниот квартал по дефиниција

предизвикуваат финансиски импликации во некој друг период односно квартал, кога се комплетира финансиската документација и се врши сметководствен третман на истата.

**Број 08-8751/50** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работата на ЈП „Билјанини Извори“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/132** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид за периодот од 01.01.до 30.06.2021 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-1003/2 од 13.08.2021 година и Мислење на Надзорен одбор бр.02-1002/2 од 13.08.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/133** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар - Охрид за периодот од 01.01.до 30.06.2021 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-448/3 од 09.08.2021 година и Заклучокот на Надзорниот одбор бр.02-445/4 од 06.08.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/52** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски Гробишта“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/134** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.01.до 30.06.2021 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-907/3 од 06.08.2021 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр. 02-903/3 од 06.08.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/53** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот од остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/135**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РЕБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Охридски комуналец“- Охрид за периодот од 01.01.до 30.06.2021 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-1043/5 од 06.08.2021 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр. 02-1042/4 од 06.08.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/54**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/136** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2021 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-806/3 од 30.07.2021 година и Мислење на Надзорниот одбор бр.02-803/3 од 30.07.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/55** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА И ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ЈП„ВОДОВОД“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работата и финансискиот извештај на ЈП„ВОДОВОД“ - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/137**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА И ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ЈП„ВОДОВОД“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2020 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата и Финасискиот извештај на ЈП „ВОДОВОД“ - Охрид за периодот од 01.04.до 30.06.2020 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр. 02-1665/2 од 04.08.2021 година и Мислење на Надзорниот одбор бр.02-1664/3 од 04.08.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/56**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 20 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во основните училишта во Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/138** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 53 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ" бр. 161/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14,14/14,10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ,СО ПОМАЛКУ ОД 20 УЧЕНИЦИ, ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за формирање чисти паралелки во 1-во одделение ,со помалку од 20 ученици, за учебната 2021/2022 година, во следните училишта:,

1. **ООУ „Григор Прличев“**

**ПУ Рача**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 9 ученици |

2. **ООУ „Св.Климент Охридски“ – Охрид**

**Централно**

| | | |
|---|---|---|
| 1а одд. | 1пар. | 13 ученици |
| 1б одд. | 1 пар. | 13 ученици |

| | | |
|---|---|---|
| 1в одд. | 1 пар. | 14 ученици |

**ПУ Далјан**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 5 ученици |

**3. ООУ „Братство-единство“ – Охрид**

**Македонски јазик**

| | | |
|---|---|---|
| 1/4 одд. | 1 пар. | 8 ученици |
| 1/5 одд. | 1 пар. | 8 ученици |

**Албански јазик**

| | | |
|---|---|---|
| 1/2 одд. | 1 пар. | 8 ученици |
| 1/3 одд. | 1 пар. | 8 ученици |

**Турски јазик**

| | | |
|---|---|---|
| 1/1 одд. | 1 пар. | 16 ученици |

**4. ООУ „Кочо Рацин“ - Охрид**

**Централно**

| | | |
|---|---|---|
| 1/1- одд. | 1 пар. | 15 ученици |
| 1/2- одд. | 1 пар. | 15 ученици |

**ПУ Долно Лакочереј**

| | | |
|---|---|---|
| 1/3 одд. | 1 пар. | 13 ученици |

**5. ООУ „Св.Наум Охридски“ –с.Пештани**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 11 ученици |

**6. ООУ „Живко Чинго“ - с.Велгошти**

| | | |
|---|---|---|
| 1а одд. | 1 пар. | 15 ученици |
| 1б одд. | 1 пар. | 14 ученици |

**7. ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец**

| | | |
|---|---|---|
| 1/1 одд. | 1 пар. | 11 ученици |
| 1/2 одд. | 1 пар. | 11 ученици |

**Член 2**

Како комбинирани паралелки со помалку од 20 ученици од 1-во до 5-то одделение во учебната 2021/2022 година ќе работат следните:

**1. ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани**

**ПУ Коњско**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во, 2-ро и 3-то одд. | 1 пар. | 9 ученици |

**ПУ Елшани**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во и 3-то одд. | 1 пар. | 9 ученици |

**2. ООУ „Ванчо Николески“с.Лескоец**

**ПУ Косел**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во, 2-ро и 3-то одд. | 1 пар. | 8 ученици |

**ПУ Куратица**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во,2-ро, 3-то и 4-то | 1 пар. | 4 ученици |

**ПУ Ливоишта**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во и 2-ро одд. | 1 пар. | 2 ученици |

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/57** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОЕМУЦ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/139**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95….64/18,), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10,05/11,09/14,14/14,10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОЕМУЦ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки во I година со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалку од 25 ученици за учебната 2021/2022 година во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“- Охрид и тоа:

**За паралелки во ПРВА година:**

**МАШИНСКА СТРУКА**

I-а 24 ученици Машински техничар за моторни возила/Машински техничар

**ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА СТРУКА**

I-1 24 ученици Електротехничар-енергетичар

I-**2** 15 ученици Електротехничар за електроника и телекомуникации

**ЛИЧНИ УСЛУГИ**

I к 15 ученици Техничар за козметичка нега и убавина

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/58**
**31.08.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ„Св.Климент Охридски“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/140** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95….64/18,), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10,05/11,09/14,14/14,10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалку од 25 ученици за учебната 2021/2022 година во ОСУ„Св.Климент Охридски“- Охрид и тоа:

**За паралелки во ПРВА година:**

I-1 19 ученици
I-2 19 ученици
I-3 20 ученици
I-4 20 ученици
I-5 20 ученици
I-6 20 ученици
I-7 20 ученици
I-8 20 ученици

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО СОСУ„СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/141** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95….64/18,), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10,05/11,09/14,14/14,10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден .08.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО СОСУ„СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалку од 25 ученици за учебната 2021/2022 година во СОСУ„Св.Кирил и Методиј“- Охрид и тоа:

**За паралелки од ПРВА година**

| | |
|---|---|
| I -1 | 24 ученици |
| I -2 | 24 ученици |
| I -3 | 24 ученици |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/60** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА НА ООУ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“С.ПЕШТАНИ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Св.Наум Охридски“с.Пештани – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/142** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа Член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од Основните училишта бр. 19-2250/1 од 05.03.2013 година, член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14,14/14,10/19 и 15/20) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА НА ООУ„СВ НАУМ ОХРИДСКИ“ ПЕШТАНИ-ОХРИД**

**Член 1**

**Се дава позитивно мислење** на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ „Св Наум Охридски“ Пештани-Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-8751/61** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА НА ООУ„БРАТСТВО- ЕДИНСТВО“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање мислење на Програмата за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022 година на ООУ„Братство- единство“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година.

**Број 09-8751/143** **ОПШТИНА ОХРИД**
**31.08.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа Член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од Основните училишта бр. 19-2250/1 од 05.03.2013 година, член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07,01/08,10/10, 05/11,09/14,14/14,10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 31.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА НА ООУ„БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ ОХРИД**

**Член 1**

